# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2019 ГОДИНА

**ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - МАКЕДОНИЈА**

## СОДРЖИНА:

Вовед........................ 3

Извештај за активностите спроведени во рамките на концептите во 2019 година ............................................................................................................................. 4

Клучни постигнувања и/или активности што ја одбележаа работата на организациите поддржани во рамките на стратешките области на ФООМ во 2019 година .................................................................................................................. 34

Листа на поддржани проекти и грантисти во 2019 година .................................... 57

# ВОВЕД

Во периодот 2019 - 2022 година, Фондацијата Отворено општество – Македонија (ФООМ) ќе работи на постигнување на три стратегиски цели: **1)** поддршка за реформите поврзани со приоритетните области на ФООМ (процесот на пристапување во ЕУ, образование и млади, здравство, правна и фискална рамка за граѓанското општество и правно зајакнување). ФООМ ќе обезбеди поддршка за учеството на граѓанското општество и ќе даде придонес во креирањето јавни политики и активности за градење капацитети и обезбедување практично знаење; **2)** барање отчетност од властите, преку следење на напредокот во однос на јавните политики поврзани со пристапувањето во ЕУ, следење на планирањето и на трошењето на јавните средства во високото образование и на буџетските алокации кои ги афектираат маргинализираните групи во здравството, како и следење на политиките на локалните власти во областите на урбанистичко планирање, заштита на животната средина и локалните буџети во три општини; и **3)** подобрување на квалитетот и пристапот до здравствените, правните и до образовните услуги за заедниците кои имаат ограничен пристап до или добиваат услуги и сервиси од незадоволителен квалитет.

Во 2019 година, планираните активности за постигнување на трите стратегиски цели беа спроведувани во рамките на четири **концепти:** (1) Учество на граѓанското општество во процесот на пристапување во ЕУ; (2) Партнерства во заедниците за унапредување на локалната демократија; (3) Образование на помалубројните етнички заедници; и (4) Мрежна стратегија за правно зајакнување, и три **области:** (1) Овозможувачка средина за граѓанското општество; (2) Студентски права и ангажираност; и (3) Здравствени политики засновани на права.

Вкупниот износ на средства потрошени за спроведување на активностите на ФООМ во 2019 година изнесува 252.775.434 денари, од кои 234.492.852 денари потекнуваат од Фондациите Отворено општество, а 18.282.581 денари од други донатори.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ СПРОВЕДЕНИ ВО РАМКИТЕ НА КОНЦЕПТИТЕ ВО 2019 ГОДИНА

# КОНЦЕПТ: УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ

Концептот *Учество на граѓанското општество во процесот на пристапување во ЕУ* има за цел да ја поддржи реформската агенда поврзана со пристапувањето во ЕУ, и тоа во областите правосудство, борба против корупцијата и заштита од дискриминација, со што ќе придонесе за европеизирање на општеството.

Специфични цели на концептот се: (1) да се зајакне капацитетот и да се зголеми знаењето на граѓанските организации и на администрацијата за прашањата поврзани со институционалната структура на ЕУ и со клучните политички процеси, за процесот на преговори, како и за правото на ЕУ во областите правосудство, борба против корупцијата и спречување и заштита од дискриминација; (2) да се овозможи структуриран дијалог помеѓу граѓанските организации и Владата, како механизам за креирање на јавните политики во областите правосудство, борба против корупцијата и спречување и заштита од дискриминација; (3) да се набљудува целокупниот процес на пристапување во ЕУ за да се осигура дека реформите му служат на јавниот интерес и ги задоволуваат очекувањата на граѓаните; и (4) да се зголеми протокот на информации и да се подобри разбирањето на граѓаните за реформите поврзани со пристапувањето во ЕУ, со што ќе им се помогне да направат информиран избор и да ги поддржат реформските процеси за европеизирање на општеството.

Во согласност со одобрениот годишен план на активности и буџет, во 2019 година се реализираа низа активности за постигнување на специфичните цели, кои се тесно поврзани меѓу себе и се надополнуваат, и тоа преку:

1) Грантова шема за три мрежи на здруженија и фондации за независно следење на јавните политики во областите прврсудство, заштита од дискриминација и борба против корупцијата, која опфати:

- Поддршка на *Блупринт групата за реформи во правосудството,* составена од *Коалицијата „Сите за правично судење“, Хелсиншкиот комитет за човекови права, Институтот за човекови права, Институтот за европски политики, Македонското здружение на млади правници* и *Центарот за правни истражувања и анализи*, кои го следат спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството (2017 - 2022) и Акцискиот план (на Стратегијата). Оваа поддршка резултираше во подготовка и презентација на „Анализа за спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017 - 2022) за периодот 2018 - 2019 година“ [1]. Беа подготвени и три мониторинг брифови за новинарите од процесот на следење на спроведувањето на

[1] Достапно на:https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/09/Analiza-na-sproveduvanjeto-na-Strategijata-za-reforma-na-pravosudniot-sektor-2017-2022.pdf

Стратегијата[2], како и документ за јавни политики на тема „Ветинг процес во судството во Република Северна Македонија“[3].

- Поддршка на Платформата за борба против корупцијата преку *Институтот за демократија „Социетас Цивилис“*, која подготви и презентираше три документи за јавни политики: „Анализа на антикорупциските одредби и ризиците од корупција во новиот Закон за јавните набавки“[4], „Анализа на работата на ДКСК за 2017 година и препораки за работата на новата ДКСК“[5] и студија за јавни политики за ефикасноста на антикорупциските институции во прогонот на корупцијата – „Компаративен преглед на ефикасноста и ефективноста на работењето на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Специјалното јавно обвинителство“[6].

- Поддршка на *Коалицијата Маргини* која работи на унапредување на системот за спречување и заштита од дискриминација, преку доследна примена на Законот за спречување и заштита од дискриминација во согласност со европските стандарди. Беше подготвен и промовиран „Извештај за имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација 2011 - 2018 година“[7].

- Дополнително, по иницијатива на овие три мрежи, а со поддршка од други мрежи на здруженија и фондации кои обединија 100-тина здруженија, фондации и иницијативи, пред Собранието на РСМ беше одржана прес-конференција и протест со барање до пратениците во Собранието итно да изберат и именуваат раководен кадар во повеќе институции и регулаторни тела преку Комисијата за прашања на изборите и именувањата[8].

2) Поддршка на *Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис* за имплементација на проектот „Опсерваторија на медиумските реформи“[9], кој има за цел да придонесе во исполнувањето на Итните реформски приоритети како предуслов за пристапување на РСМ во ЕУ, преку идентификување и отстранување на пречките за демократскиот развој на медиумскиот сектор.

---

[2] Достапно на: https://fosm.mk/press-release/prezentiran-prviot-monitoring-brif-za-sledene-na-reformite-vo-pravosudstvoto/; https://fosm.mk/press-release/graganskite-organizatsii-reagiraat-vazhnite-zakoni-se-nosat-na-netransparenten-nachin-i-so-delumna-vkluchenost-na-graganskiot-sektor/;https://fosm.mk/press-release/bluprint-grupa-donesenite-zakoni-se-dobra-osnova-za-promeni-potrebna-e-dosledna-implementatsija/

[3] Достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/12/veting-proczes-na-sudstvoto-vo-rsm.pdf

[4] Достапно на:https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/01/analiza-tm-mkd.pdf

[5] Достапно на:https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/01/analiza-dksk-mkd.pdf

[6] Достапно на:https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/01/analiza-studija-mkd.pdf

[7] Достапно на:https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/01/izvestaj-za-implementacija-na-zakonot-za-sprecuvanje-diskriminacija-2011-2018.pdf

[8] Достапно на: https://fosm.mk/current-project/grashanskite-organizaczii-pobaraa-sobranieto-itno-da-ja-deblokira-rabotata-na-komisijata-za-izbori-i-imenuvana/

[9] Достапно на:http://mediaobservatorium.mk/

3) Грант за *Евротинк - Центарот за европски стратегии* за набљудување на целокупниот процес на пристапување во ЕУ, за да се осигура дека реформите му служат на јавниот интерес и ги задоволуваат очекувањата на граѓаните, како и за следење на искористеноста на европските фондови, што опфати:

- Подготовка и промоција на „Компаративната анализа на извештаите на Европската комисија за напредокот на РМ 2016 - 2019 година“ [10], со која илустративно се прикажува напредокот во евроинтегративните процеси по поглавјата.

- Подготовка и промоција на „Анализа на македонското учество во Еразмус плус: Потенцијали и ограничувања“ [11], каде што се анализира работата на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и резултатите од нејзиното управување со децентрализираните акции од програмата Еразмус плус во периодот 2014 - 2018 година.

- Подготовка и презентација на четири „Дневници на пристапувањето“[12], кои се поврзани со процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ, а преку кои се анализира работата на Владата, развојот на европските политики, имплементирањето на Итните реформски приоритети и редовниот политички дијалог меѓу Северна Македонија и ЕУ.

- Подготовка на пет едукативно-дебатни сесии, т.н. EUROTALK, организирани според правилото на *Четам хаус* со амбасадори од државите-членки на ЕУ и други експерти кои работат на полето на евроинтегративните процеси.

- Организација на дводневна „Школа за европски политики“ која се фокусираше на случувањата, предизвиците и наративите на европско ниво, а го детерминираат дискурсот за проширувањето на ниво на ЕУ и влијаат врз перцепциите на граѓаните и чинителите од државите-членки на ЕУ во однос на земјите-кандидатки, како и кон градење двонасочни ефективни комуникациски стратегии - кон одлучувачите, но и кон јавноста.

- Спроведување и презентација во јавноста на две анкетни истражувања „Еврометар“ за мислењата на граѓаните за прашања поврзани со евроинтеграциите и нивната довербата во институциите.

---

[10] Достапна на: https://fosm.mk/current-project/prezentatsija-na-komparativnata-analiza-na-izveshtaite-na-evropskata-komisija-datum-za-reformi/

[11] Достапна на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/09/Analiza_Erazmus_ZA-WEB.pdf

[12] Достапно на:https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/01/zapis-7.pdf; https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/01/zapis-9.pdf; https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/01/accession-log-8-1.pdf; и https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/11/zapis10.pdf

4) Во соработка со *Институтот за европски политики* од Берлин беа организирани пет специјализирани обуки со меѓународни предавачи на теми поврзани со интеграцијата во ЕУ, регионалните искуства и специфичните области од Поглавје 23 (правосудство, борба против корупцијата и спречување и заштита од дискриминација). Основна цел на овие обуки беше градење на капацитетите за претставниците на граѓанскиот сектор и на јавната администрација во процесот на пристапување во ЕУ. На обуките учествуваа 176 лица, од кои 120 претставници од здруженија и фондации и 56 административни службеници од 15 централни институции во РСМ.

5) Грантова шема за здруженија и фондации, со цел да се зголеми протокот на информации и да се подобри разбирањето на граѓаните за реформите поврзани со пристапувањето во ЕУ од Поглавјето 23, која вклучува:

- 15 грантови на здруженија[13] за спроведување активности кои ќе придонесат за подобро разбирање на процесот на пристапување на РСМ во ЕУ.
- Изработка на медиумска кампања за визуализација на наодите добиени од доделените 15 грантови за подобро разбирање на граѓаните за реформите поврзани со пристапувањето кон ЕУ.

6) Следење на реформата на јавната администрација што ја спроведе ФООМ преку проектот **Граѓанска алијанса за транспарентност – Набљудување на процесот на реформи на јавната администрација од страна на граѓанските организации**, поддржан од Европската Унија, преку ИПА финансискиот инструмент за граѓанско општество и програмата за медиуми за 2015 година, кој опфати:

- Подготовка на три извештаи за степенот на имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 - 2022 година, и тоа за периодот февруари - декември 2018 година[14], за периодот јули - декември 2018 година[15], како и последниот извештај во кој беа презентирани четири новинарски истражувачки стории кои обработија прашања поврзани со вработувањата и оптимизацијата на јавната администрација, појавата на корупција и пристапот до услугите[16].
- Подготовка и презентација[17] на анкетно истражување „Ставови на граѓаните за работата на јавната администрација“[18].

[13] Достапно на: https://bit.ly/2wsX9da
[14] Достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/09/II-Izvestaj-RJA-FINAL-WEB.pdf
[15] Достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/12/foom_reforma-na-javnata-administracija-3-izveshtaj.pdf
[16] Достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/09/IV-Izveshtaj-SRJA1.pdf
[17] Достапно на: https://bit.ly/2xZPEed
[18] Достапно на: https://bit.ly/2xmGpVx

- Подготовка на три документи за јавни политики „Кон одговорна и транспарентна јавна администрација преку функционални контролни институции - Анализата за проценка на ефикасноста и ефективноста на контролните институции“[19]; „Движечката сила на преговорите: Улогата на јавната администрација во преговорите, согледана низ работните групи“[20] и „Родова анализа на јавниот сектор во РСМ со посебен осврт на жените на раководни позиции“[21].
- Подготовка и публикација на шест анализи[22] базирани на наодите од набљудувањето на реформата на јавната администрација, со фокус на локалната администрација. Анализите беа подготвени на следниве теми: задоволство од квалитетот на услугите на локално ниво, управување со јавните финансии, транспарентност при вработување, техничко-технолошки потреби на конкретни установи во јавниот сектор и пристап до информации на лицата со попреченост. Набљудувањето опфати 25 општини.
- Организација на завршна конференција „Како понатаму? Реформите на јавната администрација по јунскиот Европски совет”, на која учествуваа владини функционери, амбасадори, претставници на делегацијата на ЕУ, граѓански организации и новинари, кои дадоа осврт на состојбата, но и видувања за можностите и предизвиците во реформата на јавната администрација, особено по јунскиот Европски совет[23].

7) Дополнително, во рамките на концептот се спроведува и проектот **Поддршка на Македонија за интеграција во ЕУ и НАТО,** со средства од резервниот фонд на *Европската иницијатива за отворено општество*, во соработка со *Институтот за европски политики при Отвореното општество*. Конкретно, проектот се однесува на институционална поддршка за Канцеларијата на техничкиот преговарач, со ангажман на четири стручни лица.

8) Со средства од резервниот фонд на *Европската иницијатива за отворено општество,* а во соработка со *Институтот за европски политики при Отвореното општество*, ФООМ го спроведува проектот **До заробената држава преку судството, јавното обвинителство и полицијата.** ФООМ воспостави соработка и ги поддржа *БИРН Македонија, Коалицијата „Сите за правично судење“, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Институтот за човекови права* да подготват публикација

---

[19] Достапно на: https://fosm.mk/current-project/kon-odgovorna-i-transparentna-javna-administratsija-preku-funktsionalni-kontrolni-institutsii/

[20] Достапно на: https://fosm.mk/current-project/dvizhechkata-sila-na-pregovorite-ulogata-na-javnata-administratsija-vo-pregovorite-sogledana-niz-rabotnite-grupi/

[21] Достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/03/javna-politika-2.pdf

[22] Достапно на: https://fosm.mk/current-project/novi-shest-analizi-od-monitoringot-na-reformata-na-javnata-administratsija-na-lokalno-nivo/

[23] Достапно на: https://fosm.mk/current-project/reformite-na-javnata-administratsija-treba-da-prodolzhat-so-istoto-tempo-se-sproveduvaat-za-trajno-da-se-podobri-kvalitetot-na-zhivot-na-sekoj-graganin/

со наслов „До ‘заробената држава’ во Северна Македонија: судство, обвинителство и полиција“. Публикацијата ги анализира формите и начините на кои беше извршено политичко заробување на институциите во Северна Македонија, што влијаеше на тоа државата да биде категоризирана како „заробена држава“. Добиените резултати се презентирани преку шест истражувачки новинарски стории спроведени од новинарите на *БИРН*, а се дополнети со експертска анализа на состојбите во судството, јавното обвинителство и полицијата. Публикацијата ќе биде промовирана во 2020 година, кога наодите и препораките ќе бидат споделени со државните и меѓународните институции и организации.

9) ФООМ, заедно со Програмите за Латинска Америка и Соединетите Американски Држави при *Фондациите Отворено општество*, а во соработка со *Топос Партнершип*, започна да го спроведува проектот **Редефинирање на антикорупциските наративи**. Целта на оваа иницијатива е да се идентификуваат и да се применат ефективни јавни наративи кои обелоденуваат корупција, но кои истовремено култивираат граѓанско учество, акција и надеж. Проектот вклучува компаративни студии на случаи во три земји: Северна Македонија, Бразил и САД. Граѓанските организации од Северна Македонија кои учествуваат во проектот се: *Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ; Институтот за демократија „Социетас Цивилис“; Младински образовен форум; Мултикултура и Коалицијата „Сите за правично судење“*.

10) Исто така, ФООМ воспостави посебна канцеларија за проектот **Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите** кој се спроведува во соработка со партнерските организации *Центар за граѓански комуникации, Реактор – истражување во акција* и *Евротинк – Центар за европски стратегии*. Проектот е поддржан од Европската Унија преку ИПА финансискиот инструмент за граѓанско општество и програмата за медиуми за 2016 - 2017 година, и опфати:

- Подготовка и воспоставување на Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите. Оваа веб-платформа (www.dijalogkoneu.mk) служи за централизирана дисеминација на информации поврзани со процесот на пристапувањето, и на истата можат да се најдат информации за работата и за функционалноста на трите формални механизми за соработка помеѓу граѓанските организации и институциите во РСМ. При подготовката на веб-платформата беше направено мапирање на здруженијата и фондациите во РСМ, што резултираше во база на податоци со 2.096 активни здруженија и фондации.
- Одржана е конференција на тема „Унапредување на структурниот дијалог помеѓу институциите и граѓанските организации“, на која беше презентирана

Платформата за структурно учество во ЕУ интеграциите, како централна точка за консултации меѓу здруженијата и фондациите и институциите.

- Развивање на „Методологија за мониторинг на работата и ефектите на секторските работни групи“, како документ кој го дефинира пристапот за набљудување на функционалноста на секторските работни групи и учеството на граѓанските организации во нивната работа.
- Набљудување на седум средби на секторските работни групи од страна на истражувачите на проектот. Истовремено, обезбедено е присуство на истражувачите на состаноците на секторските работни групи и основање на секторски мониторинг комитети. Одржани се десет состаноци со претставници од ресорните министерства одговорни за работата на секторските работни групи, а потпишани се и шест меморандуми за соработка и за размена на информации со министерствата и со надлежните секретаријати[24], со заложба за градење на структурниот дијалог.
- Формирана е мрежа на административни службеници, а соработката опфаќа размена на информации за учеството на здруженијата и фондациите во работата на секторските работни групи и подготовка на секторски консултации со претставници на граѓанското општество.
- Подготовени се четири документи за јавни политики поврзани со пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ на теми: „Улогата и важноста на секторските работни групи во процесот на пристапување на Македонија кон ЕУ“; „Опфатот на секторската работна група за конкурентност и иновации“; „Улогата и степенот на учество на граѓанските организации во процесот на преговори меѓу ЕУ и Република Србија“; и „Улогата и степенот на учество на граѓанските организации во процесот на преговори помеѓу ЕУ и Република Црна Гора“.
- Подготовка и организација на десет секторски консултации меѓу граѓанските организации и претставниците од министерствата, на кои се дискутираше за учеството на граѓанските организации во работата на секторските работни групи и се подготвија препораки за унапредување на процесот на учество. Исто така, веб-платформата овозможи промоција на индикаторите за мерење на напредокот во спроведувањето на секторските политики од страна на надлежните институции, како и организирање средби со граѓанските организации.

[24] Секретаријат за европски прашања; Министерство за образование и наука; Министерство за правда; Министерство за информатичко општество и администрација; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

- Спроведено е документирање и објавување на две седници одржани од страна на Советот за соработка со и развој на граѓанското општество[25]. На веб-платформата (www.dijalogkoneu.mk) се архивирани агендите и записниците и најавите за седниците на Советот.

Како дел од оперативните активности, ФООМ финансиски и експертски го поддржа процесот на подготовка на Стратегијата за транспарентност на Владата на РСМ со Акциски план (2019 - 2021). Дополнително, претставници на ФООМ учествуваа во: работната група за подготовка на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер; работната група за подготовка на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси; застапувачките активности за воспоставување модел за вклучување на граѓанските организации во преговарачката структура на државата со ЕУ; и подготовката на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2020 - 2024 со Акциски план.

### Воспоставување Мрежа на граѓански организации за отворено владино партнерство (ОВП) и Национален совет за ОВП

Во декември 2019 година, со поддршка од Секретаријатот на меѓународната иницијатива Партнерство за отворени власти, а во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, ФООМ започна со активности за воспоставување мрежа на граѓански организации за отворено владино партнерство (ОВП) и национален совет за ОВП.

Целта е да се создаде структура за консултација и за координација во рамките на граѓанското општество и помеѓу властите, граѓанските организации, граѓаните и другите засегнати страни во процесот на дизајнирање, спроведување, поддршка, промоција и мониторинг на приоритетите и на иницијативите од ОВП, во пресрет на подготовката на новиот национален акциски план.

За да се зголеми учеството на граѓанското општество во процесите на ОВП, во подготовката на новиот акциски план и за поддршка, поттикнување и мониторинг на спроведувањето на тековниот и на идните планови, ќе се воспостават јасни, структурирани и трајни механизми за перманентен дијалог меѓу граѓанското општество и властите. Новата структура треба да ја надгради постојната практика и ангажираните ресурси и опфаќа создавање мрежа на граѓански организации која ќе го зголеми интересот, знаењето и организираноста на граѓанските организации за вклучување во процесите на ОВП и за формирање на национална структура/тело или т.н. Совет за ОВП, со еднаков број претставници од институциите (на високо ниво) и од граѓанските организации. Советот ќе го координира и

[25] Достапно на: https://dijalogkoneu.mk/цсо-дијалог/совет-за-соработка-со-граѓански-цента/седници/?link=sednici

мониторира процесот на подготовка и спроведување на националниот акциски план.

Во декември 2019 година беше организиран иницијален состанок на кој беа поканети граѓански организации кои учествуваат во постојните работни групи за ОВП. По состанокот се формираше Иницијативен одбор (ИО) за воспоставување на мрежата на граѓанските организации, кој го сочинуваат 10 граѓански организации. На првата средба на ИО беа разгледани и усвоени нацрт-документите за мрежата (структура и принципи, повик и образец за зачленување) и беше објавен повикот за зачленување во мрежата. Покрај 10-те членки на ИО, за учество во мрежата се пријавија вкупно 54 организации. Мрежата ќе се залага за поттикнување, поддршка и мониторинг на властите и на институциите, со цел да се зголеми нивната транспарентност и отчетност и да се обезбедат можности за активно учество на граѓанското општество.

Подготвен е прв нацрт-модел за воспоставување на Советот за ОВП (како национално тело или т.н. форум на сите засегнати страни) за координација и мониторинг на развојот и спроведувањето на националните акциски планови, со осврт на потребата, целите, задачите, составот/членовите, начинот на избор, улогата и одговорностите. На 24 декември 2019 година е одржана иницијална консултативна средба на ИО и претставници од институциите кои досега беа вклучени во процесите на ОВП, на која се разгледа нацрт-моделот и се дадоа препораки за подобрување.

На почетокот на 2020 година ќе се одржи основачко собрание на мрежата, на кое ќе бидат поканети и меѓународни организации. Во февруари 2020 година, преку консултативен процес, се очекува да бидат финализирани документите за Советот и да се објави повик за учество во телото (за граѓанските организации) и да се назначат претставници од институциите, со што телото ќе стане функционално.

## КОНЦЕПТ: ПАРТНЕРСТВА ВО ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Концептот *Партнерства во заедниците за унапредување на локалната демократија* ги поддржува заедничките напори на локалните граѓански актери да предизвикаат системски промени во однос на заштитата на животната средина, урбанистичкото планирање и трошењето на јавните пари во три општини - Битола, Тетово и Штип.

Првата специфична цел на концептот е зајакнување на обесправените заедници за тие да се вклучат во консултативни процеси во нивните локални средини, во насока на дизајнирање решенија во политиките што ги рефлектираат нивните приоритетни потреби.

Во соработка со членовите на Македонскиот тим за креативен активизам, кој дејствува во рамките на *Центарот за современи уметности*, преку собирање и анализа на податоците со насочено десктоп-истражување, како и со структурирани интервјуа при посети и разговори со засегнатите страни на терен беше изготвена детална анализа на состојбата и на специфичните потреби во секоја од трите општини. Соодветно на наодите од истражувањата, под менторство на *Центарот за уметнички активизам* од Њујорк, а во рамките на методологијата за креативен активизам, Македонскиот тим за креативен активизам го адаптираше курикулумот за креативен ангажман во заедниците. Во секоја од општините се конституираа локални активистички јадра, а потоа (врз основа на курикулумот) беа спроведени низа работилници и предавања. Користејќи ги новостекнатите знаења и вештини, локалните групи, со поддршка на Македонскиот тим за креативен активизам, преку партиципативни процеси дизајнираа урбани акции кои беа спроведени во трите општини.

Во Тетово беа спроведени четири урбани акции. Фигурата на познатиот цртан лик *Ла Линеа* беше поставена кај месноста Бањиче, за да алармира за опасната дупка на патот која постои таму три години. Заради нерегулираното свлечиште, дупката на коловозот постојано се шири и во случај на поинтензивни врнежи претставува сериозна закана за безбедноста на минувачите и на жителите од ова место. На почетокот на септември беше спроведена втората акција, со наслов „Добре дојдовте во Тетово, градот во кој никому не му е гајле за ништо"[26]. На видливи места низ целиот град активистите поставија табли и повторно алармираа за огромното количество расфрлано ѓубре низ градот, за несанираните дупки на коловозите, сообраќајниот хаос, потребата од јавен превоз и др. Со акцијата „Потпора"[27], активистите од Тетово повикаа на решавање на проблемот со свлечиштето и со несанираниот потпорен ѕид на патот кон Бањиче. Со акцијата „Внимание!!! Нема семафор!", активистите јавно ги повикаа општинските институции ургентно да преземат неопходни мерки за регулирање на сообраќајот и за ставање во употреба на семафорите на раскрсницата пред Тетовскиот универзитет и Средното медицинско училиште „Никола Штејн".

Локалното јадро во Штип спроведе четири акции фокусирани на растечките проблеми со урбанистичкото планирање во градот. Со првата акција во дупка во асфалтот пред локално основно училиште, која постоела од поодамна и по дожд се полнела со атмосферска вода, беа поставени неколку пластични пајчиња. „Семејството пајчиња" успеа да ги спречи автомобилите да возат во дупката и притоа да ги прскаат најчестите минувачи, односно учениците. Со акцијата „Се бара Тор од планетата Азгард", активистите ги повикаа надлежните власти да ги

[26] https://fosm.mk/current-project/dobredojdovte-vo-tetovo-gradot-vo-koj-nikomu-ne-mu-e-gajle-za-nishto/
[27] https://fosm.mk/current-project/umetnichka-aktsija-potpora/

санираат проблематичните места на булеварот пред училиштето и да поставаат соодветна сигнализација, со што ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот. „Тор фрла ѓубре во корпа, а и на Азгард има корпи за ѓубре“ е акција која апелираше до надлежните институции да поставаат нови корпи за ѓубре на рекреативната пешачка патека, а од жителите на Штип побара да се однесуваат совесно кон животната средина. Акцијата „Добредојдовте во Штип, градот без јавен тоалет и јавна култура!“ уште еднаш укажа на потребата за ставање во функција на јавниот градски тоалет. Истовремено, активистите ги повикаа сограѓаните повеќе да внимаваат на јавната култура и на хигиената и да се однесуваат одговорно кон својот град. Дополнително, во рамките на Фестивалот на текстилните работници, членовите на локалното активистичко јадро поставија голема игла, како споменик или симбол на текстилната индустрија и на текстилните работници. Акциите ги измотивираа надлежните локални институции да реагираат и да решат некои од посочените проблеми.

Локалната група во Битола спроведе четири акции. Со акцијата „Ова не паркинг“ за едно претпладне, повеќе фреквентни локации во градот беа обележани со жолти балони. Активистите го актуализираа нерешавањето на проблемите со паркингот во градот, кое придонесува за ограничено движење и со тоа ја намалува безбедност на сите учесници во сообраќајот. Втората акција „Кажи им на облаците, Битола умира“[28] посочи на еден од најгорливите проблеми за Битола - загадувањето на воздухот. На почетокот на зимата, во ноември, беше спроведена и последователна акција насловена „Иди зима, ќе дишеме ли“. Видливи знаци за радијација беа поставени на кружните текови во Битола, со цел да укажат на неопходноста од итно пронаоѓање одржливи решенија за намалувањето на загадувањето во Битола. Улиците во Битола добија табли со нови сатирични имиња, кои укажуваат на проблемите на улиците.

Македонскиот тим за креативен активизам одржуваше редовни средби за координација меѓу себе, но и виртуелни состаноци со *Центарот за уметнички активизам* од Њујорк. Во октомври се одржа работна средба на трите локални групи со *Центарот за уметнички активизам* од Њујорк и Македонскиот тим за креативен активизам, со што заврши првата фаза од нивната обука. По обуката, до членовите на овие групи беше испратен насочен повик за доделување грантови и тие, во соработка со Македонскиот тим за креативен активизам, ги развија своите годишни планови за акции преку кои ќе се застапуваат за решавање на проблемите во нивната заедница со користење на методологијата на креативен активизам. Беа доделени три гранта за организирање и олеснување инклузивни консултативни процеси во заедниците, кои треба да резултираат со процеси за развивање и спроведување проектни идеи, и тоа на: локално активистичко јадро во Битола, за проектот „Креативна Битола“; локално активистичко јадро во Тетово, за

[28] https://fosm.mk/current-project/kazhete-im-na-oblatsite-bitola-umira/

проектот „Тивка револуција“; и локално активистичко јадро во Штип, за проектот „Кре/акција за развој на демократијата“.

На 21 декември 2019 година, во соработка со *Центарот за современи уметности* и *Фондацијата ИДЕА Југоисточна Европа* беше организирана конференцијата „ВАКА (НЕ) БИВА! За креативниот активизам и амбициите да се влијае врз општествените промени“[29], на која повеќе од 100 активисти и теоретичари од државата и од неколку земји од регионот споделија искуства, мислења, научени лекции, добри практики, но и интересни идеи за искористување на потенцијалите што ги носи креативниот активизам за општествени промени. Настанот понуди и првичен обид за систематско отсликување на артивистичкиот простор во државата, со цел не само да се лоцираат актерите и форматите на дејствување, туку и да се препознаат идеолошките, стратешките рамки и тактичките искуства, како и да се забележат и анализираат факторите за успех на овие ангажмани.

*Хелсиншкиот комитет за човекови права (Хелсиншки комитет)* продолжи да спроведува редовен мониторинг на екстремните националистички наративи во трите региони (Битола, Штип и Тетово). Наодите од следењето и анализите беа понудени на јавна дискусија, со цел да се поттикне дебата за изнаоѓање ефикасни начини за соочување и справување со предизвиците на говорот на омраза. Соработката на ФООМ и *Хелсиншкиот комитет* за мониторинг на екстремните националистички наративи продолжува и во следните 12 месеци.

Во соработка со *Програмата за размена на уметности при Фондациите Отворено општество од Њујорк*, беше овозможена институционална поддршка за *Центарот за современи уметности* од Скопје за периодот 2019 - 2022 година, а во соработка со *Европската иницијатива за отворено општество* беше доделен грант на *Контрапункт* за поддршка на учеството на гости од регионот на претстојната сесија на фестивалот „КРИК“ во 2020 година. ФООМ го поддржа *Здружението „Иницијатива за економски развој на Ромите“ – РЕДИ Тетово* во нивната акција за донирање средства за настраданите ромски семејства од земјотресот во Албанија.

Тимот на концептот континуирано го следеше спроведувањето на грантовите и обезбеди консултации и менторство во согласност со идентификуваните специфични потреби, како и советување за подготовка на наративните и финансиските извештаи за доделените грантови.

Втората специфична цел на концептот *Партнерства во заедниците за унапредување на локалната демократија* е поддршка на интензивираните заеднички напори на граѓанските актери за мониторинг и застапување во насока

[29] https://fosm.mk/event/konferenczija-vaka-ne-biva/

на подобрување на квалитетот на политиките и практиките во областите заштита на животната средина, урбанистичко планирање и трошење на јавните пари.

Беа организирани две обуки за претставници на граѓанските организации кои имаат капацитет да спроведуваат мониторинг и застапување во областите заштита на животната средина и трошење на јавните пари. На првата обука за јакнење на капацитетите на локалните организации за работа на прашања поврзани со заштитата на животната средина, спроведена од *Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест од Скопје*, учествуваа 10 претставници на граѓански организации од регионите на Тетово, Штип и Битола. Избраните учесници активно учествуваа на обуката што беше дизајнирана на интерактивен начин со цел да се поттикнат учесниците да излезат од своите зони на комфор и да одговорат на барањата од вежбите предвидени во текот на обуката. Обуката за следење на трошењето на јавните пари ја спроведе *Центарот за граѓански комуникации* од Скопје за 15 претставници на 8 граѓански организации од Битола, Штип и Тетово. Обуката овозможи проширување и продлабочување на знаењата во делот на истражувачките и вештините за мониторинг и ги запозна учесниците со новиот Закон за јавните набавки. Учесниците имаа можност да разговараат за начините за анализа на медиумски експонираните тендери, го разгледаа и го пребаруваа Електронскиот систем за јавни набавки, а разговараа и за ризиците и последиците од корупцијата во јавните набавки.

На почетокот на јуни, ФООМ објави повик за доделување грантови на локални граѓански организации и/или мрежи ангажирани во следење и застапување за политиките и практиките на локалните власти во Битола, Тетово и во Штип во областите заштита на животната средина, трошење на јавните пари и урбанистичко планирање. Беа доделени 10 гранта[30] за следење и застапување на политиките и практиките на локалните власти во Битола, Тетово и во Штип.

### Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија (2020 - 2022)

Во текот на 2019 година, ФООМ даде свој придонес во подготовката на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија (2020 - 2022), со активно учество на нејзините претставници во тематските кластери за образование, култура, млади, социјална инклузија и локална самоуправа, како и со вклученост во мултидисциплинарното координативно тело за развој на Стратегијата. Воедно, ФООМ обезбеди и финансиска поддршка за ангажирање тим составен од седум експерти за подготовка на кластерските анализи за развој на Стратегијата. Во својата финална форма, анализите опфаќаа: проценка на состојбата; анализа

[30] https://fosm.mk/current-project/dodeleni-10-granta-na-lokalni-graganski-organizatsii-i-mrezhi/

на рамката на јавните политики; клучни институции/чинители и нивно дејствување; анализа на областа на дејствување и на услугите што се испорачуваат; анализа на засегнатите страни; анализа на опкружувањето (внатрешно и надворешно); и заклучок за состојбата/предизвиците. Дополнително, еден експерт работеше на усогласување на финалниот текст на Стратегијата, која во ноември 2019 година беше усвоена од Владата на РСМ.

Покрај подготовката на анализите, експертите учествуваа и во консултациите и финализирањето на Нацрт-стратегијата, вклучително и акциските планови по тематски области, утврдени приоритети и цели на Стратегијата, како и мерките и инструментите што произлегоа од консултативните процеси. Исто така, претставниците од ФООМ и ангажираните експерти дадоа стручен придонес на консултативните средби и јавните настани, како и на меѓународната конференција што се одржа во октомври 2019 година.

### Регионални креативни јадра

Во рамките на *Антикорупциска инцијатива за соработка на Фондациите Отворено општество*, проектот **Регионални креативни јадра: искористување на моќта на уметноста и културата за охрабрување граѓанска акција против корупција** се спроведува во регионите Западна Африка и Западен Балкан од 2019 до 2021 година. Општа цел на иницијативата е да се поддржат уметниците, застапувачите и новинарите за да бидат поефективни во нивните заложби за за го зголемат интересот на граѓаните за прашања поврзани со корупцијата во нивните средини. Регионалните креативни јадра се виртуелни платформи каде што учесниците се стремат да научат *како* и *зошто* креативно да се ангажираат околу антикорупциските прашања, со цел да се смени јавната перцепција, но и да се влијае врз јавните политики. Во проектот се вклучени четири национални фондации од Западен Балкан (Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина и Србија) и регионалната фондација од Западна Африка (ИООЗА). ФООМ и ИООЗА имаат улога да ја олеснуваат координацијата, комуникацијата и соработката меѓу учесниците во оваа иницијатива.

Во април, во Белград беше организирана првата средба на претставниците на фондациите вклучени во проектот, на која во детали се разговараше за активностите предвидени во проектот и се работеше на усогласување на временската рамка за нивното спроведување, како и за поединечните одговорности на секоја од вклучените страни. Беа идентификувани и потребите од дополнителни средства во буџетот. На средбата присуствуваа и претставници од *Центарот за уметнички активизам* од Њујорк и од *Програмата за размена на уметности* од Њујорк. Втората работна средба за оваа иницијатива се одржа во декември во Дакар, Сенегал, а домаќини беа колегите од Западна Африка.

Вклучените страни во проектот одржуваат редовни виртуелни состаноци за подготовка на активностите и за нивно спроведување.

ФООМ објави меѓународен повик за избор на организација-партнер за учење во рамките на оваа инцијатива, која ќе дизајнира методологија и ќе спроведе надворешна евалуација на проектот, преку идентификување на релевантните показатели, клучните постигнувања, предизвиците и научените лекции.

Првата регионална обука за заинтересираните уметници, активисти и новинари од државите на Западен Балкан се одржа во Сараево, Босна и Херцеговина, од 14 до 19 октомври 2019 година. Обуката со наслов „Академија за уметничка акција" ја спроведе *Центарот за уметнички активизам* од Њујорк, во соработка со Македонскиот тим за креативен активизам при *Центарот за современи уметности* од Скопје. Вкупно 20 учесници на обуката (по 5 од секоја од државите на Западен Балкан вклучени во иницијативата) имаа можност да се запознаат со методологијата за креативен активизам и преку уметнички форми да креираат сопствени решенија за идентификуваните проблеми поврзани со доминацијата на корупцијата. Обуката заврши со спроведување на креативната акција „Не дај Мито, не дај бекријо"[31], која учесниците на академијата ја изведоа во центарот на Сараево. На изненадување на учесниците, и покрај малите очекувања, сепак во рок од три часа на шеталиштето во Сараево беа собрани над 50 коруптивни приказни од граѓаните.

По завршувањето на обуката, секоја фондација што учествува во иницијативата објави насочен повик за доделување мали грантови. На насочениот повик можеа да се пријават уметниците, активистите и новинарите кои успешно ја завршија обуката и да понудат предлози за активности за учење за тоа како да се ангажира нова публика преку која ќе се тестира методологијата и ќе се аплицира знаењето стекнато на обуката. Предложената креативна акција (или серија активности) треба да биде акција што има влијание врз јавното разбирање за борбата против корупцијата. ФООМ ги поддржа петте предлози од учесниците од Македонија со мали грантови, и тоа: Дарко Талески за креативната акција „Парада на корупцијата"; Драгана Гунин за креативната акција „Кажи НЕ на корупцијата на факултетите"; Зорица Зафировска за креативната акција „Кислород!"; Игор Илиевски за креативната акција „Протреси го судијата"; и Јелмаз Дервиши за креативната акција „Отворен ден на антикорупцијата". За сите прифатени проекти ќе се обезбедат менторство и консултации со обучувачите од Академијата за уметничка акција. Втората регионална обука „Академија за уметничка акција" во рамките на иницијативата, наменета за земјите од Западна Африка се одржа во

[31] https://www.youtube.com/watch?time_continue=10&v=9qWYtlJrYSA

декември во Дакар, Сенегал, и на неа учествуваа 20 уметници, активисти и новинари од Гана, Сенегал и од Гвинеја.

## КОНЦЕПТ: ОБРАЗОВАНИЕ НА ПОМАЛУБРОЈНИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ

Согласно стратегиските определби за 2019 година, ФООМ започна со спроведување на концептот *Образование на помалубројните етнички заедници*, кој има за цел да придонесе кон подигање на квалитетот на образованието на јазиците на помалубројните етнички заедници (турски, српски, босански јазик). Преку директна поддршка на десет рурални училишта со настава на јазиците на помалубрјоните етнички заедници, концептот е насочен кон подобрување на компетенциите на наставниците и збогатување на наставните и други образовни ресурси (техничка опременост, учебници и учебни помагала, лектирни изданија, дидактички и други материјали на јазикот на кој се изведува наставата), како и кон дизајнирање образовни политики и одржливи системски решенија кои ќе овозможат еднакви образовни можности за сите ученици.

ФООМ го спроведува овој концепт во партнерство со Управата за развој на образованието на јазиците на малите етнички заедници (Управата) при Министерството за образование и наука (МОН) и Бирото за развој на образованието (БРО), а во тесна соработка со стратешките партнерски организации *Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“* и *Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис*.

Во концептот се вклучени две основни училишта со настава на босански јазик (ПОУ „Дитуриа“ од с. Љубин, Општина Сарај; и ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Оризари, Општина Велес), три училишта со настава на српски јазик (ООУ „Кирил и Методиј“ с. Кучевиште, Општина Чучер Сандево; ООУ „Светозар Марковиќ“ с. Старо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане; и ООУ „Браќа Рибар“ с. Табановце, Општина Куманово), четири училишта со настава на турски јазик (ООУ „Неџати Зекирија“ с. Коџаџик, Општина Центар Жупа; ООУ „Гоце Делчев“ с. Василево, Општина Василево; ООУ „Мустафа Ќемал Ататурк“ с. Долно Количани, Општина Студеничани и ООУ „Страшо Пинџур“ с. Карбинци, Општина Карбинци) и училиштето ООУ „Браќа Рамиз и Хамид“ од Општина Шуто Оризари, кое има најголем број ученици кои го посетуваат изборниот предмет *Јазик и култура на Ромите*. ФООМ потпиша меморандум за соработка со овие училишта.

Првата специфична цел на концептот *Образование на помалубројните етнички заедници* е директна поддршка на десет рурални училишта со настава на јазиците на помалубројните етнички заедници.

Во фокусот на нашата работа во 2019 година беа обуките за јакнење на капацитетите на наставниците, како една од носечките активности во концептот. Таа се спроведуваше во партнерство со Фондацијата „*Чекор по чекор*“ и со БРО.

*Фондацијата* „*Чекор по чекор*“ ги ревидираше и ги обнови материјалите за обука, согласно новите современи трендови на настава и учење и согласно потребите што беа споделени од страна на училиштата уште при првите посети. Сите подготвени материјали беа преведени и на јазиците на помалубројните етнички заедници (босански, српски и турски јазик).

Од 24 до 27 јуни 2019 година во Струга беше одржана обуката „Квалитетна педагошка пракса на 21 век“, на која учествуваа 73 одделенски наставници од проектните училишта. Тие имаа можност да се запознаат со принципите на кои треба да се темели реализирањето на современата настава, со стратегиите и техниките за подучување кои поттикнуваат љубопитност, истражување, критичко мислење и соработка за интеракција меѓу возрасните и децата, вклучување на семејството и на заедницата во образованието на децата, инклузија, почитување на разликите и демократијата за секое дете и за неговото семејство, како и создавање средина за учење и континуиран професионален развој. Во истиот период во Охрид се одржа и обуката „Со читање и пишување до критичко мислење“, на која учествуваа 81 предметен наставник и претставници од стручните служби од проектните училишта. Целта на оваа обука беше оспособување на наставниците за настава во која учениците ќе развијат способности за критичко мислење, решавање проблеми, аргументирана дискусија и кооперативно учење. Оваа обука беше обезбедена и за дополнителни 29 наставници од различни основни училишта од државава, кои го предаваат изборниот предмет *Јазик и култура на Власите, Јазик и култура на Бошњаците,* како и *Јазик и култура на Ромите*.

Од 18 до 21 и од 21 до 24 август 2019 година во Охрид се спроведе обуката „Образование за социјална правда“, на која учествуваа 144 наставници од десетте проектни училишта. Преку три целини кои се обработуваа во текот на обуката (именување, огласување и градење сојузништва), тие имаа можност да се запознаат со концептот на социјална правда, да ја разберат важноста на почитувањето на различноста меѓу луѓето, да сфатат која е психо-социјалната основа за создавање предрасуди и стереотипи, што значи дискриминација и што треба да се преземе за да се надминат овие појави.

За да се осигури дека наставниците ги применуваат усвоените концепти, како и знаењето и вештините кои ги стекнале на обуките, во училиштата и во училница, и во работата со своите ученици, ФООМ преку едукаторите на *Фондацијата* „*Чекор по чекор*“ обезбеди континуирана помош за наставниците, преку посети и воспоставување заедници за учење во сите десет проектни училишта. Како

иновативна форма на професионален развој, заедницата за учење му овозможува на секој наставник да работи на подобрување на својата секојдневна педагошка практика, преку самостојна работа и истражување, како и преку дискусии со колегите. Целта на овие заедници за учење е создавање култура на учење во самото училиште, односно наставниците да преземаат акција за подобрување на својата работа создавајќи ефикасни системи за рефлектирање и документирање на професионалниот развоен процес. Процесот на учење во секоја од заедниците го води ментор назначен од проектот, кој ги води членовите на заедницата за учење според методологијата за наставници-лидери на Универзитетот за образование од Кембриџ, приспособена на наши услови. Во текот на 2019 година се реализирани вкупно 30 менторски средби, по три во секое проектно училиште. На првата менторска средба учествуваа 129 наставници, на втората 127 наставници, а на третата менторска средба 116 наставници. Беа поттикнати и поддржани пет мрежни настани, кои преку меѓусебни посети (училиште-домаќин и училиште-гостин) овозможија засилена соработка и дополнителна размена на добри училишни практики за настава и учење меѓу проектните училишта.

Мобилната „библиотека на тркала“ полна со сликовници, книги и едукативни материјали, реализираше три посети на овие училиштата, што им овозможи на учениците да се дружат со актери, заедно да читаат сликовници на турски, босански, српски и на македонски јазик, да разговараат за темите и за содржината на сликовниците и да се забавуваат. Библиотеката на тркала беше посетена од повеќе од 2.000 ученици, родители и наставници, кои со задоволство учествуваа во активностите. За голем број деца, ова беше прв контакт со библиотека и литература на својот мајчин јазик. Целта на оваа иницијатива е кај децата да се поттикне љубов кон книгите и интерес за читање.

„Социјална правда за квалитетно образование“ беше годинешната тема на традиционалниот настан *Speech 4 Teach,* кој се одржа на 19 декември 2019 година во Младинскиот културен центар во Скопје и на кој седуммина наставници, практичари, претставници на граѓанските организации и професори имаа инспиративни говори и ги споделија своите лични приказни и видувања, предизвиците со кои се соочуваат во средините каде што работат и дејствуваат, но и своите видувања за можностите за нивно надминување.

Со цел да се поттикне создавање и дистрибуција на образовни ресурси на јазиците на помалубројните етнички заедници, партнерската организација *Метаморфозис* одржа куса обука за Отворени образовни ресурси (ООР), наменета за одделенските и за предметните наставници од проектните училишта, на која наставниците се запознаа со основните концепти на ООР, со нивното значење за образовниот процес, како и со придобивките за наставниците и за самите ученици од нивната употреба. Исто така, на наставниците им беа

презентирани и методите и алатките за бесплатно создавање на ООР и тие имаа можност, преку практична работилница под менторство на тимот на *Метаморфозис,* веднаш да започнат со создавање содржини и со нивно прикачување онлајн. Истовремено, повторно се воспостави и се реорганизираше веб-страницата www.oer.mk.

ФООМ обезбеди дидактички материјали и нагледни средства во согласност со потребите и барањата на училиштата (опрема за кабинетите по природни науки, физика, хемија, биологија, географија, спортски реквизити, музички инструменти итн.), со што се збогатија ресурсите за настава и за учење во овие десет проектни училишта, а на наставниците им се овозможи полесно и поквалитетно да го применат она што го научиле на обуките во наставата. ФООМ ги обезбеди и задолжителните наслови на лектирни изданија на турски и на српски јазик, како и лектири на македонски јазик за ООУ „Браќа Рамиз и Хамид“ во Општина Шуто Оризари.

Работата со децата во комбинирани паралелки беше посочена како предизвик од страна на наставниците во помалите рурални средини, особено во подрачните училишта со мал број ученици. Врз основа на детектираните предизвици и потреби на проектните училишта, а врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка на ФООМ со БРО, Бирото изготви „Упатство за воспитно-образовна работа во комбинираните паралелки во основното образование“. Ова упатство ќе биде основа за обука на наставниците од овие училишта кои работат во комбинирани паралелки во руралните средини.

Втората специфична цел на концептот *Образование на помалубројните етнички заедници* е работа со образовните власти на дизајнирање образовни политики и одржливи системски решенија кои ќе овозможат еднакви образовни можности за сите ученици.

Во рамките на втората специфична цел, претставници на ФООМ учествуваа во неколку работни групи за креирање стратешки документи и/или за ревизија и дефинирање на акциски планови. Во периодот февруари – мај, ФООМ учествуваше во креирањето на приоритетите, целите и активностите во рамките на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија во кластерот за образование и кластерот за млади. Дополнително, ФООМ избра претставник во секторскиот мониторинг комитет на годишната акциска програма 2017, со фокус на областа образование, при што зеде активно учество во работата на индикаторите за Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика (ЕСПР 2022). Истовремено, ФООМ даде свој инпут за индикаторите за *Рамката за оценување на учинокот* за образование, вработување и социјална политика во РСМ.

Во соработка со *Фондацијата „Чекор по чекор*", ФООМ достави коментари и предлози во делот за унапредување на професионалниот и кариерниот развој на наставниот кадар во Нацрт-законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, кој беше усвоен во средината на 2019 година.

Заради имплементација на постоечките активности, но и за планирање на следните иницијативи за унапредување на наставата на помалубројните етнички заедници, ФООМ направи анализа на релевантните национални стратешки документи, со цел да се утврди регулирањето и местото на образованието на јазикот на помалубројните етнички заедници (Турци, Срби, Бошњаци, Власи и Роми), како и да се негуваат јазикот и културата на заедницата, односно реализацијата на мерките: а) настава на јазиците на помалубројните етнички заедници; и б) изборниот предмет *Јазик и култура* (на припадниците на помалубројните етнички заедници). Оваа анализа има за цел да се испита: поставеноста на мерките за образование на припадниците на помалубројните етнички заедници на јазикот на заедницата во стратешките државни документи; актуелната состојба со реализацијата на наставата на јазиците на помалубројните етнички заедници во РСМ; актуелната состојба со реализацијата на предметот *Јазик и култура*; евентуалните пречки и тешкотии во остварувањето на целите на овие мерки; и перспективите на овие мерки. Генерално, врз основа на анализата може да се заклучи дека, на ниво на политики, овие прашања не се анализираат и дека отсуствува суштинска поддршка на квалитетното образование на јазиците на помалубројните етнички заедници, но и дека собирањето сегрегирани податоци по етничка основа е сериозен предизвик со кој се загрозува можноста за валидна и релевантна проценка на квалитетот и ефективноста на мерките за образование на припадниците на помалубројните етнички заедници и предметот *Јазик и култура*. Оваа анализа ќе се сподели со релевантните институции (МОН, БРО, Управата, општините и проектните училишта) и ќе биде достапна на веб-страницата на ФООМ.

Со финансиска поддршка на мрежната *Програма за поддршка на образованието на Фондациите Отворено општество*, ФООМ додели грант на *Здружението на млади аналитичари и истражувачи (ЗМАИ) од Скопје,* со цел да изработи и пилотира „Методологија за прераспределба на општинските средства до основните училишта" во општините во кои се имплементира концептот *Образование на помалубројните етнички заедници,* односно во: Сарај, Карбинци, Велес, Чучер Сандево, Старо Нагоричане, Куманово, Центар Жупа, Василево, Студеничани и Шуто Оризари. Преку теренска и компаративна анализа, ова истражување има за цел да понуди прелиминарна проценка за потребните реновирања и новите инвестиции во истражуваните општини; да се зголеми отвореноста и достапноста на локалната самоуправа за потребите на локалните фактори и да се развие методологија за одржлива и рационална алокација на

финансиски средства за основните училишта во истражуваните општини. Теренската анализа започна во 2019 година, преку собирање податоци со помош на алатката за отворен пристап до информациите од јавен карактер во сите десет општини и преку креирање прашалници за анкетирање на директорите и наставниците во училиштата. Се очекува наодите и целосната анализа од истражувањата, заедно со препораките за идните мерки, да бидат презентирани пред засегнатите страни и пред јавноста во мај 2020 година.

ФООМ, со финансиска поддршка на мрежната *Програма за поддршка на образованието* на *Фондациите Отворено општество*, му додели грант на *Здружението на директори на училишта и училишни домови „УЧИЛИШНИ ЛИДЕРИ"* од *Скопје*, со цел да се зајакне улогата на здружението како засегната страна без чија вклученост не би требало да се утврдуваат образовните политики во државата преку поддршка за развивање повеќегодишна стратегија на дејствување на здружението која вклучува и комуникациска стратегија и акциски план.

Третата специфична цел на концептот *Образование на помалубројните етнички заедници* е поддршка на инклузијата на Ромите во образованието.

Како продолжение на своите долгогодишни заложби и стратегиската определба за инклузија на Ромите во сите сфери на општеството, ФООМ го дизајнираше и почна со спроведување на тригодишниот проект **Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование**, финансиран од Европската Унија. Проектот се спроведува заедно со *Здружението Центар за образовна поддршка „Дендо вас"* и со *Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор",* во партнерство со МОН.

Проектот предвидува 1.545 стипендии за најмалку 615 деца ширум државата запишани во првиот циклус на основно образование (315 стипендии ќе бидат доделени во 2019/20, 615 во 2020/2021 и 615 во 2021/2022), директна работа со ромската заедница за важноста и за ефектите од редовното посетување на училиштето врз постигањата на децата, врз нивното образование и живот, обуки на наставниците и мали училишни грантови за креирање инклузивна средина за учење и работа за педесетина училишта ширум државата. Преку намалување на финансискиот товар поврзан со школувањето на децата од најранливите ромски семејства, проектот ќе го зголеми опфатот и ќе го намали осипувањето на Ромите во основното образование, ќе придонесе за редовна посета на наставата и успешен премин во следните одделенија.

Во насока на обезбедување дополнителна поддршка на учениците Роми, ФООМ додели два гранта на здружението *Ромски деловен информативен центар на Македонија*. Со првиот грант се овозможи изготвување програма за „Педагошки помошник за учениците во основното образование", според профилот утврден со класификацијата на занимања со решение на Министерството за труд и

социјална политика и со согласност од страна на МОН. Вториот грант е доделен за да се пилотира програмата преку обука на група педагошки помошници во траење од 190 часа во текот на три месеци, при што пријавените кандидати на теоретско ниво и преку практична работа се обучуваат и полагаат завршен испит кој им помага да се стекнат со сертификат за педагошки помошник за учениците во основното образование.

Кон крајот на 2019 година, ФООМ му додели грант на *Здружението за заштита на правата на детето,* кое 13 години го води Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари и кое работи на намалување на престојот на децата на улица. Поддршката од ФООМ ќе му помогне на Центарот да продолжи да згрижува 62 деца на возраст од 4 до 18 години кои се надвор од образовниот систем, како и дополнителни 38 деца од семејства повратници на кои им се обезбедува помош во облека, хигиенски средства, училиштен материјал, како и психосоцијална поддршка и поддршка во пишување на домашните задачи.

До крајот на септември 2019 година, ФООМ ги администрираше стипендиите за младите Роми кои студираат медицински и други студиски програми во рамките на програмите РМУСП и РХСП, финансирани од *Ромскиот образовен фонд*.

## КОНЦЕПТ: МРЕЖНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

Во 2019 година ФООМ влезе во завршната година од четиригодишната глобална *Иницијатива за правно зајакнување на Фондациите Отворено општество*. Нашата општа цел во рамките на *Мрежната стратегија за правно зајакнување* е развивање и имплементација на развојни политики за правно зајакнување кои, на национално и на локално ниво, ќе овозможат пристап до правда за сиромашните и маргинализираните групи граѓани (Ромите, сексуалните работници/чки, лицата кои користат дроги, текстилните работнички).

Трите специфични цели на *Мрежната стратегија за правно зајакнување* опфаќаат активности за: (1) институционализација на правното зајакнување преку развивање национални и локални политики за правно зајакнување, во соработка со сите засегнати страни – претставници од релевантните национални и локални институции, академската заедница, граѓанските организации и претставниците на засегнатите групи граѓани; (2) обезбедување одржливост на различните форми на пристап до правда; и (3) обезбедување континуирана испорака на квалитетни правни услуги и правно зајакнување на сиромашните и маргинализираните групи граѓани (Ромите, сексуалните работници/чки, лицата кои користат дроги и текстилните работнички). Преку заедничка работа со претставниците на релевантните национални и локални институции, академската заедница, граѓанските организации и претставниците на засегнатите групи граѓани, ФООМ се

залага за унапредување на можностите за институционализација и одржливост на различните форми на пристап до правда, засновани во заедницата.

Во рамките на првата специфична цел за институционализација на правното зајакнување, беа реализирани активности за застапување за:

- Континуирана имплементација на двете заложби во областа пристап до правда, од четвртиот Национален акциски план (НАП) за Отворено владино партнерство 2018 – 2020 (ОВП). Во соработка со двете министерства кои се надлежни за спроведување на заложбите. Министерство за правда (МП) и Министерството за труд и социјална политика (МТСП), претставници на ФООМ учествуваа во реализацијата на активностите. Спроведувањето на активностите во двете заложби придонесува за зголемување на пристапот до правда, но и, воопшто, за промовирање на владеењето на правото на национално и на меѓународно ниво.

- Со цел поблиску да се запознаат со концептот за пристап до правда и правно зајакнување и на тој начин соодветно да учествуваат во реализацијата на активностите од заложбите, беа одржани два семинари за вработените од двете министерства. Првиот семинар, наменет за претставниците од МТСП и од Центрите за социјална работа, беше подготвен во заедничка соработка на претставниците од ФООМ, МТСП, МП, партнерските граѓански организации и правната клиника. Вториот семинар, наменет за претставниците од МП и подрачните одделенија на МП кои се надлежни за обезбедување бесплатна правна помош (БПП), беше подготвен во соработка со МП и претставници од проектот на Советот на Европа за бесплатна правна помош.

- На ниво на секторска институционализација на правното зајакнување, МТСП го вклучи пристапот до правда во поширокиот опсег социјални услуги. Преку новата систематизација, поранешните Ромски информативни центри прераснаа во организациски единици во 13 општински центри за социјална работа, при што ќе бидат ангажирани обучени параправници. ФООМ ќе обезбеди обуки за параправниците кои ќе опфатат области во кои граѓаните најчесто се соочуваат со правни проблеми.

- На локално ниво, во две општини - Шуто Оризари и Прилеп - преку соработка на граѓанските организации и општинските власти се формирани центри за пристап до правда за Ромите и другите социјално ранливи групи. Освен тоа, во согласност со Националната стратегија за Ромите, во 12 општини со значителен број ромско население, општинските совети усвоија оперативни планови за правно зајакнување, како составен дел од локалните акциски планови за интеграција на Ромите. За соодветна имплементација на локалните политики и подобро запознавање со концептот на правно зајакнување, беа реализирани работилница и работен состанок со претставници на општинските совети. Во

шест општини се изготвени заеднички приоритети на локалните акциски групи и на претставниците за 2019 - 2020 година.

- Со поддршка на ФООМ, министерката за труд и социјална политика учествуваше на Глобалниот самит за Отворено владино партнерство, што се одржа од 29 до 31 мај 2019 година во Отава, Канада, каде што го презентираше македонскиот модел на секторска институционализација на правното зајакнување. На истиот настан, ФООМ ги презентираше македонските искуства од вклучувањето и значењето на пристапот до правда, како еден од приоритетите за постигнување на целите во рамките на ОВП.

- Претставници од ФООМ, здруженијата кои работат на пристап до правда и заменик-министерот за правда учествуваа на Светскиот форум за правда, што се одржа од 29 април до 2 мај 2019 година во Хаг, Холандија, каде што беа претставени нашите искуства во областа на правното зајакнување.

- Користењето на ОВП како платформа за домашно и за меѓународно застапување, овозможи претставниците од ФООМ да ги презентираат искуствата и постигнувањата на два значајни настани: на претходно споменатиот Светски форум за правда во Хаг, Холандија, како и на Регионалниот состанок за размена на искуства за ОВП, што се одржа од 3 до 4 октомври 2019 година во Будва, Црна Гора.

- Во октомври 2019 година започна да се применува новиот Закон за бесплатна правна помош (ЗБПП), кој е резултат на соработката помеѓу МП, ФООМ, *Македонско здружение на млади правници* и пет други овластени здруженија за обезбедување примарна правна помош. Се очекува подобрените решенија во Законот да придонесат за зголемен опсег на граѓани кои ќе побараат и ќе добијат примарна и секундарна правна помош, да се забрза постапката што е предвидена како итна и да се обезбеди одржливост на овластените здруженија. По донесувањето на Законот, ФООМ активно учествуваше во креирањето на подзаконските правни акти со кои се регулира соодветната примена на Законот.

- Освен за новиот ЗБПП, ФООМ - директно или преку поддршка на граѓански организации - активно учествуваше во застапувањето и во креирањето на повеќе закони кои се релевантни за правното зајакнување, како што се: Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за работни односи, Законот за социјална заштита, Законот за здравствена заштита, застапувањето за преточување на целта 16.3 во националното законодавство, како и во креирањето документ за јавна политика за измени на законската рамка и на политиките кои ќе влијаат на *про боно* културата.

- Поддршката што ФООМ им ја дава на граѓанските организации кои работат на унапредување на состојбата на Ромите, овозможи реализација на седум средби за застапување на локално ниво и една средба на централно ниво со Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на статусот на Ромите. Како резултат на континуираното застапување на локално ниво, за одбележување е зајакнувањето на ромската заедница во општините Делчево, Берово, Пехчево и Виница, каде што во првата година од имплементацијата на Програмата за општествено корисна работа беа ангажирани 43 Роми кои се корисници на новата социјална мерка - гарантиран минимален приход.

- Како резултат на 22 индивидуални состаноци со адвокати, подготвен е извештај за општата состојба во Македонија во однос на *про боно* правната помош, односно начинот на кој таа се нуди во различни адвокатски канцеларии, процентот на застапеност на одделни предмети во една адвокатска канцеларија, водењето посебна евиденција за *про боно* предметите, како и за начинот на оданочување на овие предмети.

- Изработен е прирачник за воспоставување и одржување на *про боно* програма во рамките на работата на адвокатските друштва и на индивидуалните адвокатски канцеларии.

Напорите за постигнување на втората специфична цел на *Мрежната стратегија за правно зајакнување* за обезбедување одржливост на различните форми на пристап до правда беа насочени кон:

- Измени во новиот ЗБПП во насока на воведување грантова шема преку која здруженијата кои обезбедуваат примарна правна помош ќе обезбедат одржливост на овој вид услуги;

- Вклучување на параправниците од Ромските информативни центри во Центрите за социјална работа, за чие функционирање се обезбедуваат средства од буџетот на МТСП;

- Поддршка на девет организации за спроведување активности за иновативно финансирање, кои реализираа аукции, спортски настани, состаноци со бизнис-заедницата, јавни настани и кампањи преку кои обезбедија парични средства, услуги и опрема со кои се покриваат дел од правните услуги што ги обезбедуваат овие организации; и

- Реализација на сеопфатна обука за социјално претприемништво, придружена со повеќемесечно индивидуално менторство на десет граѓански организации.

Третата специфична цел на *Мрежната стратегија за правно зајакнување* за обезбедување континуирана испорака на квалитетни правни услуги и правно

зајакнување на сиромашните и на маргинализираните групи граѓани (Ромите, сексуалните работници/чки, лицата кои користат droги и текстилните работници/чки), се остварува со поддршка на 15 граѓански организации[32] за обезбедување правни услуги преку четири облици на пристап до правда засновани во заедницата: параправна помош; правна помош во заедницата; бесплатна правна помош според ЗБПП; и правна клиника за ранливите групи. Оттука, во текот на 2019 година беа реализирани следниве активности:

- Обезбедена е правна и параправна помош за повеќе од 2.971 Ром во 12 ромски заедници во однос на: правата на пациентите; дискриминацијата; нелегалната наплата за здравствени услуги; здравственото и социјалното осигурување; личната документација; социјалната помош; помошта и негата од друго лице; репродуктивното здравје; имунизацијата и др. Освен тоа, обучените параправници, преку теренски посети во 12 општини, обезбедуваат систематско информирање за правата и можностите за обезбедување параправна помош, идентификување на правните проблеми и континуирано следење на индивидуалните прекршувања на човековите права. Поднесена е индивидуална жалба против државата пред Комитетот за елиминација на дискриминацијата врз жените, во однос на заштитата од дискриминација на Ромките при пристап до гинеколог. Одржани се голем број едукативни работилници за околу 379 ромски граѓани на следниве теми: имунизација; права на пациентите; здравствено и социјално осигурување; здравствена заштита и бесплатни здравствени прегледи; програми за превентивна здравствена заштита; женско здравје; услуги од патронажните служби; слободен пристап до информациите од јавен карактер и др.
- Во Шуто Оризари е реализиран граѓански форум на кој учествуваа 25 претставници/чки од заедницата и претставници/чки од ромските партнерски организации. Форумот го одржа *Иницијативата на жени од Шуто Оризари,* со фокус на паричните издатоци од новите измени од Законот за социјална заштита.
- Вкупно 1.113 граѓани се обратиле во пет организации регистрирани за обезбедување БПП, најмногу во областа на социјалната заштита; работните односи, семејните односи; имотно-правните односи; заштитата на децата и заштитата на жртвите на семејното насилство; 34 граѓани поднеле барања за

[32] ХОПС - Опции за здрав живот Скопје; ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување; Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ; Иницијатива за развој и инклузија на заедниците; Здружението за развој и унапредување на ромската заедница *Романо Чачипе*; ЕХО - Едукативно-хуманитарна организација-Штип; Национален ромски центар - Куманово; Младински културен центар – Битола; Асоцијација за демократски развој на Ромите *Сонце* - Тетово; *Избор* – Струмица; Хелсиншки комитет за човекови права; Здружение за правна едукација и транспарентност *СТАНИЦА П.Е.Т.* - Прилеп; НВО *КХАМ* - Делчево; Правна клиника за ранливи групи; и Коалиција *Маргини*.

БПП пред МП, барајќи бесплатен адвокат кој ќе ги застапува пред суд. Спроведени се девет сесии за правно зајакнување и три инфо-денови, на кои граѓаните се запознале со своите права и обврски од областа на социјалната заштита, работните односи, извршувањето, родово базираното насилство и др.

- Обезбедени се 664 правни услуги на 59 сексуални работници, додека осум параправници на 555 средби обезбедиле параправна помош за 141 сексуална работничка. На вкупно 26 сексуални работници им се обезбедени 132 психолошки услуги. Обезбедено е застапување пред судовите за вкупно 14 сексуални работници и за еден член на семејство на почината сексуална работничка. Од нив, 12 се вклучени во судските постапки за прекршување на голем број човекови права во полициската рација спроведена од страна на Министерството за внатрешни работи (МВР) „Сузбивање на уличната проституција", во ноември 2008 година, случај што заврши пред националните судови, но продолжува пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП). На осум лица кои употребуваат дроги им е овозможено застапување пред надлежните домашни и странски органи, и тоа: во два случаја за поседување психоактивни супстанци за лична употреба; во еден случај за заштита од насилство врз дете кое користи дроги; и две апликации до ЕСЧП за две постапки за заштита на правата на луѓе кои употребуваат дроги (по двајца апликанти во секоја од овие постапки), и тоа една за противправно одавање податоци од метадонскиот центар во Струмица и друга за злоупотреба на ДНК на лице кое користи дрога. Исто така, поднесена е тужба за дискриминација на лице кое било отпуштено од работа затоа што се лекува со метадонска терапија.
- Советувани се 50 припадници на различни маргинализирани заедници, додека 150 случаи се документирани за повреда на правата на маргинализираните заедници. Обезбедено е застапување на 20 клиенти во кривични, граѓански и во управни постапки.
- Дадени се 1.497 правни информации за текстилните работници од 60 текстилни фабрики и беа спроведени четири информативни средби со работничките. Поднесено е едно барање до Државниот инспекторат за труд за спроведување вонреден инспекциски надзор во трговско друштво.
- Во Правната клиника работеа 36 студенти, од кои четири се од минатите генерации на Правната клиника за ранливи групи, кои одлучија да продолжат со активностите во клиниката. Студентите се поделени во четири клинички оддели. Одржани се шест обуки за развивање на осетливоста на студентите за работа со ранливи групи, насочени кон градење вештини и знаења за презентирање правни информации при работа со лица припадници на ранливите и маргинализираните групи. Освен тоа, одржани се и шест обуки за продлабочени теоретски знаења, со цел студентите во Правната клиника да се

здобијат со специјализирано теоретско знаење од областа на нивниот клинички оддел.

- Одржани се две обуки за параправниците за областите: право на здравје, систем на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на правата на пациентите. На двете обуки учествуваа вкупно 46 учесници. Обезбедена е параправна помош и поддршка за остварување на правата од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштитата на правата на пациентите.
- Реализирана е работилница со граѓанските здруженија за новините во системот за БПП, на која присуствуваа 18 учесници од вкупно десет граѓански организации.
- Реализирани се шест инфо-сесии за 135 граѓани, социјално загрозени семејства, семејства во економско-социјален ризик, родители на деца и деца со попреченост, земјоделци и други.
- Иницирани се три управни спорови против решенија на МТСП. Во овие случаи, иако има доволно цврсти аргументи и докази од кои може да се согледа потребата за остварување на правото на паричен надомест (пензија или социјална помош), Центрите за социјална работа сепак донеле негативни решенија, кои се потоа потврдени и од МТСП.
- Во различни делови од државата се евидентирани околу 15 случаи кои се однесуваат на исто правно прашање, односно застарени и неутужени долгови кон јавните претпријатија.
- Иницирани се три постапки пред Агенцијата за електронски комуникации, од кои две се успешно завршени.
- Поведена е една постапка пред Регулаторната комисија за енергетика за вонсудско решавање на спор со ЕВН Македонија.
- Правното зајакнување беше поткрепено и со медиумски активности, во вид на редовни наменски прилози на локалните радио и телевизиски станици, како и преку социјалните медиуми. Подготвени се три видеа за промоција на новиот Закон за бесплатна правна помош.

За постигнување на третата специфична цел, од особено значење ќе биде реализацијата на проектот **Пристап до правда за најмаргинализираните,** за кој ФООМ доби грант од Европската Унија кон крајот на 2019 година. Целта на овој проект е да се овозможи заштита на човековите права преку правно зајакнување за унапредување на пристапот до правда за најмаргинализираните групи, со фокус на Ромите, луѓето кои користат дроги, сексуалните работници, децата и семејствата во социјален ризик и другите ранливи заедници. ФООМ ќе го

реализира проектот во партнерство со *ХОПС - Опции за здрав живот Скопје* и *Здружението за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп*, во периодот од јануари 2020 до јули 2021 година.

# КЛУЧНИ ПОСТИГНУВАЊА И/ИЛИ АКТИВНОСТИ ШТО ЈА ОДБЕЛЕЖАА РАБОТАТА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ПОДДРЖАНИ ВО РАМКИТЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ НА ФООМ ВО 2019 ГОДИНА

## ОБЛАСТ: ОВОЗМОЖУВАЧКА СРЕДИНА ЗА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Во рамките на областа *Овозможувачка средина за граѓанското општество*, во 2019 година ФООМ воспостави соработка со Генералниот секретаријат (ГС) на Владата на РСМ, Одделението за соработка со невладините организации на ГС и со Советот на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, за финансиска и експертска поддршка за подготовка на „Анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 до првата половина на 2019 година), со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог-модел на Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на ЕУ-проектите во РСМ".

ФООМ активно учествуваше во спроведувањето на **Проектот на УСАИД за граѓанско учество**, како партнерска организација, од јануари 2017 година до крајот на април 2019 година, и административно го заврши проектот во јуни 2019 година, со доставување финален наративен и финансиски извештај. По спроведената ревизија за 2018 година, меѓународната ревизорска куќа КПМГ даде позитивно мислење за финансиското работење и процедурите на ФООМ во рамките на проектот.

Улогата на ФООМ беше да ги спроведува активностите за развој на капацитетите на грантистите поддржани преку проектот. Во 2019 година, активностите на ФООМ придонесоа за јакнење на капацитетите на 14 граѓански организации и три мрежи на граѓански организации, грантисти на проектот. ФООМ обезбеди поддршка за спроведување на поединечните планови за градење на капацитетите на секој грантист, изработени во соработка со организациите. Поддршката се состоеше од обуки, настани за учење едни од други (врсничко учење) и вмрежување, индивидуална менторска и/или експертска помош, соодветно на потребите и приоритетите за организациско подобрување на секоја организација.

## ОБЛАСТ: СТУДЕНТСКИ ПРАВА И АНГАЖИРАНОСТ

Преку поддршка на неколку граѓански организации во областа *Студентски права и ангажираност*, ФООМ има за цел да ги унапреди студентските права и ангажираноста на младите за подобри младински и студентски политики и за поголема транспарентност и отчетност во високото образование. Претставник од ФООМ, исто така, учествуваше во јавните расправи организирани во Собранието на РСМ, на кои свои излагања имаа младинските организации и релевантните фактори во сферата за поддршка на Законот за младинско учество, како и на

панел-дискусии организирани од страна на Агенцијата за млади и спорт, во насока на поддршка на иницијативата за закон за млади, но и за ревидирање на постојната Стратегија за млади во РСМ и креирање акциски планови за следниот период.

*Здружението на граѓани Младински образовен форум (МОФ)* со помош на добиената финансиска поддршка се насочи кон активно учество во набљудувањето на постоечките студентски и младински политики и практики и креирањето нови студентски и младински политики и практики и мониторинг над нивната имплементација од страна на надлежните институции и тела. *МОФ* со свои претставници учествуваше во работната група за креирање на Законот за младинско учество, кој се усвои во почетокот на 2020 година и за прв пат придонесе за соодветна регулатива во насока на поддршка на младите и младинскиот активизам и учество. Со свои членови, *МОФ* даде придонес во работната група за измена и дополнување на Законот за средното образование, во делот за ученичкото организирање и учество, работната група за студентски стандард и работната група за ученички стандард, младински стандард, групата во која има иницијатива за регулирање на „младински работник“, како и Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија, во кластерот млади и кластерот образование. *МОФ* е во постојана комуникација, координација и соработка со Агенцијата за млади и спорт за ревидирање на Националната стратегија за млади и за креирање нови акциски планови.

*МОФ* ја продолжи и својата работа во рамките на програмите *Дебата, Учиме право* и *Артивизам*, при што во учебната 2019/20 година функционираат младински клубови во Скопје, Велес, Тетово, Куманово, Битола, Струга и во Прилеп. Предавањата се реализираат еднаш неделно, според однапред утврден курикулум. Дополнително, дебатната програма во 2019/20 учебна година оствари институционална соработка со три средни училишта од Скопје, и тоа: СУГС „Јосип Броз Тито“, СУГС „Никола Карев“ и СУГС „Орце Николов“, во чии простории се одржуваат средбите и предавањата во тамошните клубови. Дебатната програма изготви и два нови курикулуми за почетното и за напредното ниво на дебата и започна со имплементација на „ментор-систем“ каде што поискусен предавач од Скопје е ментор на нов предавач од клуб во друг град во државата, со цел да се обезбеди дополнителна поддршка на новите предавачи.

*МОФ* јавно реагираше и го изрази своето несогласување со ребалансот на буџетот, во кој за образование се предвидени 14 милиони евра помалку. Ова соопштение наиде на позитивни реакции во јавноста, беше споделено од значителен број медиуми и наиде на поддршка од страна на другите граѓански организации кои се приклучија кон јавната реакција за кратењето на финансиските средства за образованието. Заедно со 15 граѓански организации,

*МОФ* реагираше за значителното намалување на буџетот во областа на високото образование, во кое влегува и студентското домување.

Во текот на 2019 година, тимот на *Радио МОФ* се зголеми со двајца студенти на кои им беше овозможено да ја реализираат својата практика и да учат во овој младински медиум. На почетокот на октомври беше инсталирано копчето „Пријави проблем“, преку кое се пријавуваа проблеми поврзани со образованието, на кои потоа се работат истражувачки текстови. *Радио МОФ* продолжи со продукција на емисијата „На час“, која во 2019 година достигна 8.379 прегледи.

Во ноември и декември 2019 година, за првпат се одржаа избори за студентски претставници во факултетските и универзитетски тела според новиот Закон за високото образование донесен во 2018 година. МОФ редовно ја информираше целокупната јавност, особено студентите, за можноста за кандидирање и за избор на студентски претставници, а истовремено обучи и 30 младинци кои ги набљудува изборите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Според набљудувачите на МОФ, студентските избори поминаа без поголеми инциденти и нарушувања на изборниот процес. На избирачките списоци беа регистрирани 25.444 студенти. За жал, сите факултети не го објавија бројот на студенти кои го остварија своето гласачко право. Од достапните информации, на 11 од 23 факултети, на кои студираат 55.9 % од студентите со право на глас, имаше излезност од 14.09 %.

Прегласување имаше на два факултети поради нерегуларности (повеќе ливчиња во кутиите отколку што имало потпишани студенти на избирачкиот список, студенти кои гласале, а не се наоѓале на избирачките списоци, односно им било дозволено да гласаат без да се идентификуваат). Значајно е што сите овие недостатоци се забележани од страна на изборните комисии на факултетите, а за време на прегласувањето на овие факултети не се забележани нерегуларности. Од техничко-логистички аспект, заклучоците се дека повеќето факултети не беа опремени со соодветните изборни материјали, како гласачки паравани и транспарентни кутии. За илустрација, единствено на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ бил поставен параван за гласање наменет за лица со физичка попреченост. Во рамките на сите факултети, на овие избори беа изгласани вкупно 390 членови на факултетските собранија.

Во 2019 година МОФ ја одбележа 20-годишнината од своето постоење како младинска организација со неколку активности и настани, од кои најзначајна беше завршната „Конференција за млади и образование“, на која на три панел-дискусии се дискутираше на темите: „Неформалното образование: коректив или интегрален дел од образовниот процес?“, „Иднината на образованието - што (мора да) следува?“ и „Младински прашања кои (допрва ќе) стануваат приоритети”. На настанот беа поканети членовите на *МОФ*, долгогодишните партнерски организации, како и институциите и соработниците во полето на

неформалното образование и младинските политики. Меѓу другите, на конференцијата говореа и министерот за образование и наука, г. Арбр Адеми, Ивана Туфекџиќ, пратеничка во Собранието на РСМ, претставничката на УНИЦЕФ во РСМ, неколкумина поранешни извршни директори и претседатели на МОФ, како и претставници од партнерските младински организации, донатори, универзитетски професори и директори од средни училишта.

ФООМ го поддржа проектот „Финансиската транспарентност и отчетност во високото образование и науката во РСМ“ на *Независниот академски синдикат Скопје* (*НАкС*). Целта на проектот е преку низа анализи, истражувања и препораки до образовните власти и високообразовните институции да се укаже на важноста на и да се влијае за поголема транспарентност во финансирањето на високото образование, како и за поголема отвореност и инклузивност во процесите. Во текот на 2019 година, *НАкС* направи анализи и истражувања поврзани со достапноста на буџетот на МОН, анализа на буџетот за високото образование, за детектирање на постапката и критериумите за распределба на средствата на јавните универзитети и научни установи, на законските основи за уредување на платите на вработените во високото образование и науката, анализа на платите на вработените во јавните универзитети и научните установи во РСМ, како и истражување за перцепциите на јавноста за вреднувањето на академскиот труд во јавните високообразовни институции. Наодите покажаа низа нејаснотии и недоследности во начинот на креирањето, претставувањето, донесувањето и контролата на буџетските трошења за високото образование и науката, на голем недостиг од помлад универзитетски кадар, на големи разлики во висината и во начинот на формирањето на платите на академскиот кадар помеѓу јавните универзитети и високообразовните институции на истите универзитети, итн. *НАкС* ги сподели истражувачките наоди со МОН и со јавноста, а за истите ќе се дискутира на трибини во текот на месеците февруари и март 2020 година.

Во рамките на повикот за грантови за заеднички акции за анализа, мониторинг и застапување врзани за креирање и/или реализација на студентски и младински политики, ФООМ додели два гранта, и тоа на:

(1) Неформалната ***Мрежа за спречување одлив на мозоци,*** предводена од *Здружението Лидери за едукација, активизам и развој од Скопје*, во која членуваат: 1) *Центарот за младински активизам ЦМА КРИК, Скопје*; 2) *Здружението за дислексија АЈНШТАЈН, Скопје*; 3) *Центарот за мултидисциплинарен развој ЦМР Процес, Скопје*; 4) *Здружението Младински сојуз, Крушево*; 5) *Асоцијацијата за едукација Младиинфо Интернационал, Скопје*, и 6) *Здружението на граѓани Младите можат, Скопје*, доби поддршка да спроведе анализа и мониторинг на досегашната имплементација на „Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовни и стручни кадри 2013 – 2020“ и да спроведе

консултативен процес со сите засегнати страни за генерирање препораки, политики и мерки за намалување на одливот на млади и висококвалитетни кадри од земјата. Проектот започна со прес-конференција и трибина на која учествуваа раководители од релевантните институции, како што се Министерство за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт и Агенцијата за иселеништво, при што се дискутираше за националните мерки за спречување на одливот на мозоци. Од дискусијата со присутните млади се заклучи дека тие мерки не помогнале во насока на менување на трендот на иселување на младите од државата, што го покажаа низа истражувања објавени во 2019 година. Партнерските организации во мрежата, преку медиуми и интервјуа, ја запознаа јавноста со планираните активности, а се креираше и методологија за прибирање податоци на кои ќе се темели анализата на стратегијата, по што се спроведоа и анализираа податоци прибрани преку шест длабински интервјуа. Во 2019 година се спроведе анкета за јавноста од која се добија значаен број (1.190) одговори кои ќе послужат за соодветна анализа за која е планирано да се сподели со јавноста во првиот квартал од 2020 година и да даде предлози за натамошни мерки за спречување на одливот на мозоци.

(2) ***Мрежата за студентско (ре)формирање*** на *Националниот младински совет на Македонија* со следните партнерски организации: 1) *Фондацијата за развој на локалната заедница, Штип*; 2) *Здружението за граѓански активизам ФОРУМ 16, Битола*; 3) *Младинскиот културен центар, Битола*; 4) *Здружението за одржлив развој СФЕРА ИНТЕРНАШНАЛ, Битола*, и 5) *Центарот за едукација и развој ЦЕД, Теарце*, доби поддршка да го адресира прашањето на студентското организирање и да го следи процесот на воспоставување на новиот модел на студентско организирање на три државни универзитети, односно Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот „Климент Охридски“ во Битола и Универзитетот во Тетово. Според планираното, проектот треба да го поттикне активното учество на студентите во овие процеси, преку нивно поголемо информирање и мотивирање за вклучување во процесите на донесување одлуки и застапување на студентите пред универзитетските органи. Преку развивање детален план за застапување и координација, проектните партнери започнаа кампања за студентско организирање, која ги информираше студентите за нивните права и за можностите да учествуваат во работата на универзитетот, но и за новиот модел на студентско организирање. Притоа, застапувањето беше насочено и кон деканските и ректорските управи на трите универзитети, со цел доследно спроведување на законските одредби и воспоставување ефективен систем на студентско организирање. Исто така, локалните партнерски организации, преку свои теренски работници, континуирано ги следеа процесите на секој од трите државни универзитети и изготвуваа

мониторинг извештаи и препораки за процесот. Генерално, според првично добиените податоци од спроведените избори на универзитетите во Штип и во Битола, излезноста на студентите е релативно мала (помалку од 15 %), но без видливи наоди за нерегуларности. За жал, партнерската организација од Тетово имаше проблеми во прибирањето податоци за студентските избори на Државниот универзитет во Тетово, со оглед на нетранспарентноста на студентските претставници и неможноста да се пристапи кон бараните документи и информации. Извештајот за анализата на спроведените студентски избори на овие три државни универзитети ќе се изработи во првиот квартал на 2020 година и ќе се сподели со деканските и со универзитетските управи и со општата јавност.

ФООМ, со поддршка на *Програмата за високо образование на Фондациите Отворено општество,* ја овозможи реализацијата на проектот „Студентски домови без корупција" на *МОФ*. Целта беше да се поддржи студентскиот активизам за зголемување на транспарентноста и отчетноста на студентските домови и за подобрување на квалитетот на сервисите што ги добиваат студентите во студентските домови во Скопје.

*МОФ* спроведе истражување на примерок од 300 испитаници (студенти-станари) кои живеат во државните студентските домови (ДСД) „Кузман Јосифовски-Питу", „Гоце Делчев" и „Стив Наумов" во Скопје. Истражувањето се фокусираше на животниот стандард на студентите, нивното учество во одлучувањето, како и нивната перцепција за различните форми корупција присутни во студентските домови. Истражувачкиот извештај „Крпен живот студентски" покажа дека студентите ја оценуваат состојбата во домот во којшто живеат со средна оценка 2,93 од можни 5, издвојувајќи ги лошите услови за живот, недостигот на средства и простории за учење и недостигот на спортски и културни активности како главни точки за подобрување. Според истражувањето, иако основните услови за учество се законски задоволени, 92 % од испитаниците се изјасниле дека никогаш не учествувале во носењето одлуки во домовите, а 70 % имаат мали познавања за управните органи кои функционираат во рамките на ДСД. Како причини за неучеството ги посочуваат: недостигот на време, неинформираноста за механизмите за учество и немањето верба дека можат нешто да променат. 40 % од испитаниците забележале корупција во студентските домови, повеќе од 33 % имале лично искуство со некоја од истражуваните коруптивни појави и/или познаваат некој кому му се случиле. Повеќе од 70 % од испитаниците не би учествувале во истражуваните коруптивни дејствија, 89 % од испитаниците не знаат каде би можеле да пријават корупција, а дури 53 % од испитаниците не би пријавиле корупција кај надлежните органи. *МОФ* направи и анализа на јавните набавки во студентските домови во периодот од 2015 до 2018 година, за тоа колку и како ДСД го распределуваат и го трошат буџетот за потребите на студентите.

Анализата покажа ниски одвојувања од само 61 денар дневно за продукти за подготовка на појадок, ручек и вечера за студентите. На трошоците за храна за студентите отпаѓаат само 15 % од  вкупните расходи на ДСД. Наодите од двете истражувања беа споделени со надлежните институции и со образовните власти и беа искористени за застапување за промени во новиот Закон за студентски стандард, што е во подготовка. Во рамките на проектот, беа поддржани и три студентски иницијативи за подобрување на условите за живот во домовите, кои резултираа со реновирана читална и опремена библиотека во „Стив Наумов“, обновена дискотека и двор во „Кузман Јосифовски-Питу“ и  обновено игралиште наменето за спортување на станарите во „Гоце Делчев“.

Во ноември 2019 година, *МОФ* доби дополнителна поддршка од *Програмата за високо образование на Фондациите Отворено општество* за проектот „Ангажирани студенти за студентски домови без корупција“ и ја продолжи својата работа со студентските домови, проширувајќи го истражувањето и во двата најголеми студентски домови надвор од главниот град (во Битола и во Штип) , како и во еден од најголемите државни студентски домови во Скопје (Државниот студентски дом „Пелагонија“). Со цел да се подобри студентскиот стандард и да се креираат активни студенти кои се запознаени со нивните права и обврски, во наредните12 месеци *МОФ,* со помош на три локални младински организации, ќе работи на спроведување локални акции за подобрување на условите во домовите, на организирање обука и на креирање прирачник за студентските права.

## ОБЛАСТ: ЗДРАВСТВЕНИ ПОЛИТИКИ ЗАСНОВАНИ НА ПРАВА

Во рамките на областа *Здравствени политики засновани на права*, ФООМ поддржува неколку граѓански организации кои работат на унапредување на здравствените политики што овозможуваат остварување на здравствените услуги и права на маргинализираните заедници (ЛГБТИ, Ромите, лицата кои користат droги, сексуалните работници/чки и луѓето кои живеат со ХИВ).

Во 2019 година беа доделени институционални грантови на *Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, Коалицијата Маргини* и *Здружението за поддршка на маргинализираните работници СТАР-СТАР*, проектни грантови за мониторинг на буџетите на програмите за намалување на штетите, како и грантови на здруженијата кои работат на менување на негативните наративи кон Ромите, за поддршка на нивните активности во насока на остварување на специфичните цели: (1) следење и анализа на здравствениот буџет и барање отчетност од властите за распределба на максимално расположливи средства кои ќе овозможат прогресивно и недискриминирачко остварување на здравствените права; (2) застапување за реформи во здравствените политики, во согласност со

потребите на заедниците; и (3) овозможување вклученост и учество на засегнатите заедници во планирањето, следењето и евалуацијата на спроведувањето на здравствените политики.

***Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ*** *(ЕСЕ)* во текот на 2019 година активно учествуваше во следењето на реализацијата на постојните и во креирањето нови политики во областа на здравството. По покана од Министерството за здравство (МЗ), претставници на *ЕСЕ* учествуваа во повеќе работни групи за подготовка на новиот Закон за здравствена заштита, при што беа доставени вкупно 55 предлози [33] од здружението и од другите 20 граѓански организации со кои соработува. Поради незадоволството од начинот на водење на процесот од страна на МЗ и незадоволителната транспарентност, а со цел да се спроведе дополнително застапување за надминување на утврдените проблеми во подготовката на Законот, проблемите со кои се соочија граѓанските организации беа образложени на 13-тата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. ЕСЕ учествуваше во подготовка на акцискиот план за минимален пакет услуги за сексуално и репродуктивно здравје во услови на кризни и вонредни состојби, во делот на планот кој содржи активности за здравствена заштита на мајките и на децата во кризни состојби; во подготовка на програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, при што се доставени и прифатени барања за усвојување активности наменети за ромските средини; и во процесот на планирањето на реформите во примарната здравствена заштита, организиран од МЗ и од СЗО, при што се презентирани наоди и препораки кои се однесуваат на патронажната служба, матичните гинеколози и превентивните тимови за детско здравје од здравствените домови, како и барања за вклучување на заедницата во процесот на планирање, спроведување и евалуација на здравствените услуги на примарно ниво, со посебен акцент на ранливите групи од населението. *ЕСЕ* учествуваше и во подготовката на Стратегијата за безбедно мајчинство, Стратегијата за репродуктивно здравје, Планот за реформи во примарната здравствена заштита, Протоколите за здравствена заштита за време на бременоста и по породувањето и други подзаконски акти.

Освен тоа, *ЕСЕ* достави барања до Владата и до МЗ кои се однесуваат на потребните мерки што треба да ги преземе државата со цел да ги исполни заложбите предвидени во Политичката декларација на Обединетите нации за универзална здравствена заштита до 2030 година. Барањата се споделени со јавноста и беа пренесени од страна на медиумите. Со свои препораки, ЕСЕ учествуваше во ревизијата на Националниот акциски план за унапредување на здравјето на Ромите, како и во работните тимови за планирање и спроведување на

[33] Предлозите се темелат на елаборирани податоци и аргументи што произлегуваат од работните искуства на овие организации, како и од реалните потреби на граѓаните, и се во насока на унапредување на степенот на здравствена заштита на населението, со посебен фокус на ранливите групи население (вклучувајќи ги Ромите, лицата со ретки болести, ЛГБТИ-лицата, младите, луѓето кои живеат со ХИВ, лицата кои користат дроги и други групи).

Националниот акциски план за Отворено владино партнерство за 2018 – 2020 година.

Бидејќи е констатирано дека во македонското здравство со години наназад не се одвојуваат доволно средства за превентивни активности, во текот на 2019 година, продолжи застапувањето за зголемување на буџетот за превентивна здравствена заштита. До министерот за здравство и до министерот за финансии се доставени барања за зголемување на буџетот за превентивна здравствена заштита. Следењето и анализата на буџетите[34] на програмите донесени во 2019 година покажа одредено подобрување во насока на зголемување на целокупниот буџет, при што буџетот на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата е зголемен за 2.000.000 денари, буџетот на Програмата за систематски прегледи на студентите и учениците за 5.270.000 денари, буџетот на Програмата за лекување ретки болести е зголемен за 29.907.000 денари, а буџетот на Програмата за скрининг на карцином на дојка е зголемен за 170.000 денари. Во извештајниот период уназадување се бележи единствено кај Програмата за скрининг на карцином на грло на матка, каде што средствата се намалени за 2.800.000 денари и се укинати активностите наменети за жените Ромки, единствената мерка која за првпат беше усвоена во 2018 година.

Како дел од активностите за застапување на национално ниво, а со цел да се унапреди здравјето на Ромите, женското репродуктивно здравје и здравјето на мајките и децата, одржана е јавна дебата со конференција за печат[35] , на која покрај претставници на граѓанските организации се обратија и претставници од ромската заедница од Шуто Оризари и од Делчево. На јавната дебата беа споделени наодите од работата на *ЕСЕ* и ромските партнерски организации на спроведување на интегрираниот пристап, како и барањата за подобрување на состојбите во однос на унапредување на здравјето на Ромите, со посебен акцент на жените, мајките и децата. На дебатата присуствуваа претставници на медиумите, граѓанските организации, јавните здравствени установи и меѓународните организации.

Во рамките на работата за вклучување на граѓаните во процесите на планирање, спроведување и оценување на законската регулатива, буџетите и услугите во областа на социјалните и економските права, *ЕСЕ* продолжи со обезбедување континуирана техничка поддршка, менторство и супервизија на работењето на три ромски организации кои применуваат интегриран пристап во користењето на социјалната отчетност и правно зајакнување во ромските заедници во однос на следниве активности: работа во заедницата (мапирање на заедницата и мобилизација); прибирање и анализа на податоците од страна на ромската

[34] Достапно на: http://www.esem.org.mk/index.php/biblioteka/najnovi-publikacii-i-izdanija.html

[35] Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=u4AFKmmPMr8

заедница; обработка и анализа од процесот на мониторинг и анализа на буџетите на локално ниво; обезбедување параправна помош; и подготовка и имплементација на локални стратегии за застапување.

Освен за домашни граѓански организации, *ЕСЕ* спроведе обуки и менторство за јакнење на капацитетите на граѓанските организации од Југоисточна Европа (Бугарија и Романија) кои работат на унапредување на здравјето на Ромите, во однос на имплементација на методологиите на социјална отчетност и правно зајакнување. Одржана е една дводневна обука за 15 граѓански организации од Бугарија, а за една организација од Романија се обезбедува континуирана техничка поддршка. На меѓународен семинар во Салцбург, пред учесници од граѓански организации, универзитети и други институции од Централна и од Југоисточна Европа претставник на *ЕСЕ* ги презентираше искуствата од примената на социјалната отчетност и правното зајакнување во унапредувањето на здравјето на Ромите во Северна Македонија.

За две граѓански организации од Црна Гора и од Србија, кои работат на програми за намалување на штетите, беше обезбедено градење на капацитетите и менторство за примена на методологиите на мониторинг и анализа на буџетите. Како дел од ангажманот во оваа област, за потребите на процесот на застапување што го спроведува *ХОПС - Опции за здрав живот Скопје*, *ЕСЕ* ја подготви анализата „Можности за финансирање на програмите за намалување на штетите од употребата на дроги во РСМ, преку користење на акцизи од цигари, алкохол и пиво“. На меѓународната работилница во Загреб „Застапување и нега фокусирана на луѓето“ во организација на ERS/TBEC, претставник на *ЕСЕ* фацилитираше сесија за развивање планови за застапување за финансирање на програмите за сузбивање на туберкулозата преку националните буџети.

Во рамките на соработката со институциите, *ЕСЕ* ќе работи на јакнење на капацитетите на МЗ и на јавните здравствени установи преку спроведување обуки и обезбедување менторска поддршка во процесот на воведување и спроведување на иновативни пристапи за вклучување на граѓаните во следењето, креирањето и спроведувањето на превентивните здравствени програми. Во 2019 година, како пилот проект МЗ ја одбра Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА.

Покрај анализите од следењето на буџетите на превентивните програми, во текот на 2019 година, *ЕСЕ* работеше на анализа на причините за трендот на пораст на новороденечката и перинаталната смртност во Македонија, како и анализа на недостатоците во системот за прибирање податоци за овие индикатори, која произлезе од соработката со група релевантни експерти, Управата за електронско здравство и од анализата на достапните податоци. Финализирањето и промоцијата на анализата се предвидени во 2020 година. Во втората половина на 2019 година се прибрани податоци за подготовка на макроекономска анализа за

целокупниот буџет за здравствена заштита на жените, мајките и децата, и тоа од три аспекти: трошоци на МЗ, трошоци на Фондот за здравствено осигурување и приватни плаќања од страна на пациентите. Анализата ќе биде финализирана во текот на 2020 година.

Подготвена е анализата „Колку чини неплатената работа за нега во домашни услови?“[36], која се заснова на податоци од претходно спроведеното истражување во домаќинства каде се обезбедува нега за тешко болни и изнемоштени лица. Анализата ги прикажува времето потребно за обезбедување на негата, како и трошоците што се поврзани со обезбедувањето на негата. Исто така, анализата овозможува увид во влијанието на обезбедувањето ваква нега врз примарните даватели на негата, вклучувајќи го и влијанието врз работоспособноста, можноста за лична заработка, здравјето и слично, како и влијанието врз целото домаќинство, вклучувајќи го и порастот на трошоците на домаќинството, намалувањето на приходите и слично.

На планот на фискалната транспарентност, *ЕСЕ* редовно спроведува годишно оценување на степенот на фискалната транспарентност и отчетност на институциите од областа на социјалните и економските права. Подготвени се извештаи[37] со оценки за нивото на проактивната транспарентност на 26 јавни институции и нивото на реактивната транспарентност на 85 јавни институции во 2018 година, како и анализа од процесот на оценувањето.

Спроведено е и оценување на нивото на транспарентноста на јавните набавки што ги спровеле 62 јавни здравствени установи во 2018 година. Врз основа на анализата на податоците од вкупно 9.696 постапки за јавни набавки што биле спроведени во рамките на 3.136 проекти од страна на 62 јавни здравствени установи[38] (32 здравствени домови спровеле 3.631 постапки за јавни набавки; 11 центри за јавно здравје и Институтот за јавно здравје спровеле 1.532 постапки за јавни набавки; 16 општи и клинички болници спровеле 4.082 постапки за јавни набавки; Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство спровела 312 постапки за јавни набавки, а МЗ спровело 139 постапки за јавни набавки) изработен е извештај[39] кој обезбедува информации за начинот и за намената на јавните средства потрошени во јавното здравство преку постапки за јавни набавки; нивото на транспарентност при спроведувањето на постапките за јавни набавки; како се трошат буџетските средства и кој има најголема корист од постапките за јавни набавки во јавното здравство, и за кои цели јавните здравствени установи трошат

[36] Достапно на: https://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2019/Neplatena%20rabota%20za%20nega.pdf
[37] Достапно на: https://www.esem.org.mk/index.php/biblioteka/najnovi-publikacii-i-izdanija.html
[38] Институциите опфатени со оваа анализа се јавни здравствени установи кои испорачуваат превентивни здравствени услуги за жени, деца и Роми, и кои се поклопуваат со превентивните здравствени програми што се во фокусот на мониторингот што го спроведува *ЕСЕ*.
[39] Достапно на: https://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2019/Analiza%20Javni%20nabavki_MK.pdf

најголем дел од средствата и колку од тие трошоци се оправдани. Дополнително, во овој период *ЕСЕ* продолжи со прибирање податоци за постапките водени од страна на истите јавни институции во 2019 година, кои ќе бидат предмет на анализа во наредниот период.

За потребите на подготовка на извештаите, поднесени се 2.163 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до 88 јавни институции. Заради прекршување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесени се 396 жалби против 21 јавна институција.

Во насока на унапредување на нивото на фискалната транспарентност, се спроведува следење на имплементацијата на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018 - 2020 во делот на фискалната транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер. Реализирани се шест координативни состаноци со јавните институции вклучени во реализацијата на НАП, и тоа: со МЗ, за усогласување на извештајот за Програмата за рана детекција на малигните заболувања; со Агенцијата за вработување, за усогласување на содржината на годишниот извештај за работењето на институцијата и за предлагање форма за редовно известување во отворен формат; со Министерството за финансии, за координација на активностите во рамките на приоритетот за унапредување на фискалната транспарентност и консултативна средба за развивање софтвер за јавно објавување на податоците за промените во трезорскиот систем во реално време, и со Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (КОМСПИ), за договарање на содржината и начинот на водење на информативните средби со граѓаните за запознавање со правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Во рамките на приоритетот за унапредување на нивото на фискалната транспарентност, *ЕСЕ* достави предлог-содржина за годишниот извештај за работењето на Агенцијата за вработување, кој беше делумно прифатен од Агенцијата и претставен во извештајот за 2018 година (се забележува подобрување во начинот на кој се прикажуваат буџетските податоци); достави предлог за содржината на отворената база за водење евиденција на полугодишно ниво за статусот на имплементацијата на мерките и услугите за вработување (програмски и буџетски), кој беше прифатен од Агенцијата и ќе биде објавен во првото полугодие на 2020 година за 2019 година; обезбедена е техничка помош и поддршка за финализирање на форматот за извештај по однос на програмската и буџетската имплементација на Програмата за рана детекција на малигните заболувања за 2018 година, кој е објавен на интернет-страницата на МЗ; и дадени се предлози за унапредување на електронската база на Министерството за финансии за објавување информации по однос на промените во трезорскиот систем во реално време.

Во насока на подигнување на свеста меѓу поширoката јавност за важноста на фискалната транспарентност и потребата од зголемување на постојното ниво на транспарентност на јавните институции, спроведена е медиумска кампања на *Фејсбук*, со следниве статистички параметри за период од шест месеци: информациите стигнале до 41.055 профили корисници на *Фејсбук*; 1.069 интеракции и 53.940 допаѓања. Освен тоа, во соработка со КОМСПИ, а во насока на запознавање на граѓаните со нивното право за пристап до информациите од јавен карактер, се одржани девет информативно-едукативни средби со граѓаните во Свети Николе, Шуто Оризари (две средби), Виница, Делчево, с. Црник, Тетово, Струмица и во Битола.

***Здружението ХОПС – Опции за здрав живот Скопје*** (*ХОПС*) работи на унапредување на здравствените права на маргинализираните заедници, со посебен фокус на лицата кои користат дроги, малолетните лица кои користат психоактивни супстанци и сексуалните работници. Во 2019 година, покрај обезбедувањето на неопходните услуги, *ХОПС* продолжи и со активностите за застапување за соодветни системски решенија во политиките, кои се од особена важност за целните групи. Исто така, *ХОПС* учествуваше во работните групи за: реформа на законите со кои се казнува сексуалната работа; донесување закон за регулирање на сексуалната работа, со цел да се овозможи безбедна работна средина; подобрување на економската, социјалната и здравствената положба на сексуалните работници; реформа на политиките за дроги и донесување Закон за контрола на опојните дроги и психотропните супстанци и измена и дополнување на Кривичниот законик, со цел да се креираат хумани политики за дроги; и изработка на Протоколот за постапување со децата на улица, Акциски план за минимален пакет на услуги за сексуално и репродуктивно здравје во кризни и вонредни состојби за периодот 2019 – 2022, Национална стратегија за дроги, Закон за превенција и заштита од насилство врз жената, вклучително и семејното насилство, Сеопфатна програма за лекување, рехабилитација и ресоцијализација на малолетниците кои употребуваат психоактивни супстанци, рехабилитација на условните осуденици, здравствена заштита во затворите и др.

Во рамките на активностите за застапување за политики кои го унапредуваат статусот на целните групи, *ХОПС* поднесе предлог-иницијатива за вклучување во годишната Програма за работа на Владата за 2020 година, која се однесува на претставување на економските придобивки и унапредување на човековите права од креирањето политики кои ќе овозможат декриминализација на сексуалната работа во нашата држава. Предлог-иницијативата предвидува промени во членот 191 од Кривичниот законик и во членот 20 од Законот за прекршување на јавниот ред и мир или усвојување нова законска рамка која ќе создаде безбедни услови за работа на заедницата, промоција и унапредување на социјалниот статус и на економската благосостојба, подобрување на здравјето, подобрување на

квалитетот на здравствените услуги, намалување на трговијата со деца и луѓе, како и намалување на штетите од оваа работа. По позитивните одговори од МВР и од МП, одлучено е претставник на *ХОПС* да биде вклучен во работната група која ќе работи на измените во Кривичниот законик за декриминализација на сексуалната работа.

Со цел подобро организирање на активностите при работа со деца на возраст од 5 до 15 години кои живеат во мали групни домови, во 2019 година *ХОПС* во партнерство со МТСП организираше серија од 19 обуки за јакнење на професионалните капацитети и вештини на стручните лица кои работат во децентрализираните институции. На обуките, вработените во МТСП беа запознаени со содржината на „Водичот за спроведување работилници со деца во мали групни домови“, кој содржи 19 различни модули/концепти за организирање и структурирање на активностите за работа со деца. Се очекува во 2020 година Водичот да биде прифатен од МТСП и да се започне со негово применување.

Во текот на 2019 година, преку континуирана теренска работа на клучни локации во Скопје[40], тимовите на *ХОПС* контактираа вкупно 3.267 корисници на droги, од кои 43 се малолетници (26 машки и 17 женски). 10 од нив се нови деца на возраст од 10 до 18 години кои користат екстази, марихуана, амфетамини и други психоактивни супстанци, од кои пет деца започнале со третман за лекување на зависност, а три деца ги посетувале терапевтските сесии кај психологот и психијатарот во *ХОПС*.

Стручните правни тимови на *ХОПС* обезбедија вкупно 1.341 правна услуга на 126 различни лица кои употребуваат дроги (109 машки и 17 женски), од кои 49 корисници се од ромската заедница. Дадени се правни информации и совети поврзани со социјалните услуги, добивањето здравствено осигурување и здравствена заштита, добивањето социјална помош од различен вид, вадењето лични документи, сместувањето во засолниште, можностите и моделите за лекување од зависности, намалувањето на штетите од употреба на дроги, како и минималната помош преку доделување храна, облека и хигиенски средства. Во 2019 година, како најчесто повредени права се констатирани правото на здравствена заштита, правото на лекување, правото на слободно движење и правото на фер судење, а евидентирани се и случаи на дискриминација поради зависност, како и тортура, нехумано и деградирачко однесување. За осум лица кои користат дроги е обезбедена правна помош и застапување пред надлежните домашни и странски институции, и тоа на две лица им е дадена правна помош поради поседување психоактивни супстанци за лична употреба, во еден случај е обезбедена правна помош за насилство врз дете кое користи дроги. Поднесени се две апликации до ЕСЧП за две постапки во кои е прекршено правото на приватност

[40] Жена парк, Соборен храм, Градски трговски центар, Зелено пазарче, Градски парк и Железничка станица

на пациентот: едната  постапка се однесува на одавање податоци на МВР од страна на метадонскиот центар во Општата болница во Струмица, а другата се однесува на утврдена злоупотреба на ДНК на лице кое користи droги. Истовремено, обезбедено е судско застапување за 12 сексуални работници и еден член на семејството на починатата сексуална работничка, за повреда на правата при полициска рација во ноември 2008 година. За овој случај е поднесена апликација и се чека одлука од ЕСЧП, а правна помош и застапување се обезбедени за една сексуална работничка која е неосновано обвинета за трговија со дете.

Стручните тимови во Дневниот центар за поддршка на сексуалните работници и нивните семејства обезбедиле вкупно 771 правна услуга. Притоа, контактирани се 63 различни клиенти (53 жени и 10 мажи), од кои 45 биле припадници на ромската популација. Најчестите услуги (254 услуги) за вкупно 142 сексуални работници се од областа на семејното право, додека за 34 лица била обезбедена континуирана психосоцијална помош.

Во насока на правно зајакнување, во Дневниот центар за поддршка на сексуалните работници и нивните семејства се реализирани 29 едукативни работилници за вкупно 55 членки на заедницата. Темите[41] кои биле опфатени со овие обуките најчесто се дефинирани од самата заедница, во соработка со правната советничка од *ХОПС* и инспекторка од Секторот за внатрешна контрола при МВР.

Со цел да се зајакнат капацитетите на заедницата на сексуалните работници, ХОПС организираше работилница за искористување на креативните алатки и пристапи (видеа, театар, фотографија и музика) во застапувањето за креирање на јавните политики што се од интерес за заедницата, унапредување на вештините за комуникација со медиумите, зајакнување на самодовербата и унапредување на вештините за јавно говорење.

По повод Меѓународниот ден на сексуалните работници, *ХОПС* организираше донаторски настан[42] со цел да се соберат средства за континуирана едукација на сексуалните работнички за заштита од насилство и за подигнување на јавната свест за потребата од унапредување на правата на маргинализираните заедници[43].

Преку теренски посети во Скопје, Охрид, Струга, Струмица и во Гостивар, тим од осум параправници оствариле вкупно 716 контакти, при што биле обезбедени

[41] Дискриминација на сексуалните работници, граѓански активизам, видови дроги и лекување, начини на партнерски поврзувања, трговија со луѓе, самопомош при стрес, заштита од семејно насилство, социјална и здравствена заштита и др.
[42] 1 јуни 2019, локација BackYard, Скопје, организиран турнир во мал фудбал, продажба на уметнички дела изработени од членовите на заедниците, креативна работилница за деца за изработка на маици и споделена лична приказна на Клер МекФарлан, жртва на физичко насилство и активистка за борба против сите форми на насилство врз жената.
[43] Организирани се 16 едукативни работилници за сексуални работнички.

параправни услуги за вкупно 170 различни клиенти, од кои 16 биле нови контакти. Во 2019 година биле остварени вкупно 224 услуги во заедницата на сексуалните работници, од кои 82 биле придружувани и 142 биле упатени до релевантните институции или организации. Како најчести проблеми се јавуваат прашањата поврзани со семејното право, семејното насилство, психичкото насилство од клиенти или од полиција, здравствената заштита, социјалната помош, промената на живеалиштето и издавањето лични документи.

Со цел да се унапреди квалитетот на услугите за намалување на штетите од користењето дроги, во 2019 година *ХОПС* продолжи со активностите за следење на приходната и на расходната страна на буџетот на МЗ во однос на средствата добиени од акцизите од продажба на етил алкохол, тутун и пиво. Во партнерство со *Здружението ЕСЕ*, подготвена е анализа за можностите за самоодржливост и финансирање на програмите за зависности, кои ги спроведуваат граѓанските организации, од акцизите наплатени од продажба на етил алкохол, пиво и цигар[44]. Направена е и анализа на квалитетот на програмите за лекување на зависности[45], врз основа на која се подготвени препораки за унапредување на здравствените политики и воспоставените практики за намалување на штетите од употреба на дроги.

Дел од активностите за застапување на локално ниво опфатија одржување дводневна работилница за претставници на шест локални самоуправи[46]. Како резултат на оваа активност, *ХОПС* заедно со Општина Кисела Вода и Општина Центар, аплицираше на повикот на МТСП и Светска банка за отворање програма за ресоцијализација на корисниците на дроги. Освен тоа, во партнерство со „*Опција*“ од Охрид и Општина Охрид, *ХОПС* работеше на креирање локална стратегија за намалување на штетите, а во партнерство со Општина Струмица е изработена „Локална стратегија за ХИВ за периодот 2020-2025“, во која се предвидува и финансиска поддршка од локалниот буџет на активностите за намалување на штетите и за финансирање на граѓанските организации кои работат на оваа проблематика.

Кон крајот на 2019 година е организирана деветтата школа за „Дроги, политики и практики“, која понуди мултидисциплинарен пристап во едукацијата на 18 млади стручни кадри за работа на полето на зависностите од дроги, со посебен фокус на моделите на политики за дроги, третманите базирани на докази, намалувањето на штети од употребата на дроги, психосоцијалните програми, како и

[44] Достапно на: https://hops.org.mk/wp-content/uploads/2019/08/HOPS-AKCIZI-FINAL-ZA-web.pdf
[45]Достапно на: https://hops.org.mk/wp-content/uploads/2019/06/KVALITETOT-NA-PROGRAMITE-ZA-LEKUVANE-NA-ZAVISNOSTI-VO-MAKEDONIJA.pdf
[46] Скопје, Кисела Вода, Охрид, Кавадарци, Струмица и Гостивар

поврзувањето на концептот на човековите права и родовите аспекти при развивањето политики за намалување на штетите.

***Коалицијата Маргини,*** како претставник на група здруженија[47] кои работат со различни групи маргинализирани заедници, работи на промоција, застапување, заштита и грижа за човековите права на маргинализираните заедници, во насока на остварување еднаков пристап до здравствените, социјалните и правните услуги и нивно вклучување во сите процеси на општественото живеење, преку обезбедување поддржувачка средина во која се почитуваат еднаквоста, слободата и различностите.

Во 2019 година *Коалицијата Маргини* беше активна во повеќе процеси на застапување значајни за унапредување на статусот и добросостојбата на претставниците на различни маргинализирани групи. Покрај клучната улога во процесот на донесување на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, претставниците на *Коалицијата Маргини* имаа носечка улога и во застапувањето за измени во неколку закони, како што се измените во Законот за прекин на бременоста; измените во Законот за матична евиденција, и поднесувањето и усвојувањето амандмани во соработка со Интерпартиската парламентарна група за ЛГБТИ во новиот Закон за основното образование. Со новите одредби кои се однесуваат на заштитата од дискриминација и насилство во основното образование, новиот Закон за основното образование е значително подобрен. Освен тоа, Министерството за образование и наука започна постапка за креирање подзаконски акт кој ќе служи за дефинирање и креирање механизми за справување со и пријавување на секаков вид насилство во основните училишта.

Како резултат на долгогодишното залагање за креирање образовен процес без дискриминаторски содржини кон маргинализираните заедници, склучен е Меморандум за соработка со БРО за детектирање и промена на учебниците со дискриминаторска содржина во основното, средното и во високото образование. Досега се повлечени пет учебници за основно и шест учебници за средно образование. Започнат е процес на целосна ревизија, кој вклучува соработка и со Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител, МОН, Педагошката служба при МОН и со УКИМ.

Како членка на Интерресорската група за еднакви можности, *Коалицијата Маргини* иницираше заклучок за сексистичкиот говор на омраза и за дискриминаторските содржини во учебниците.

Понатаму, во контекст на директното промовирање и унапредување на правата на маргинализираните заедници, *Коалицијата Маргини* ја продолжи соработката со

[47] Од 2011 година, *Коалицијата Маргини* е регистрирана како самостоен ентитет, односно невладина организација чии основачи се ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Избор – Струмица, ЕГАЛ и СТАР-СТАР.

релевантните институции, со цел да се зајакнат капацитетите на државните службеници за работа со претставниците на маргинализираните заедници. Со цел да се креираат безбедни училишни средини за маргинализираните заедници, а во соработка со Активот на стручните служби во средното образование, Град Скопје и скопските средни училишта, *Коалицијата Маргини* работи на зајакнување на капацитетите на средните училишта за справување со родово базираното насилство и булингот.

Во партнерство со Заводот за социјални дејности (институција задолжена за лиценцирање на стручните работници) се спроведе тренинг програма за континуиран развој на стручните лица во системот на социјалната заштита, според Модул 19 за работа со маргинализираните заедници/групи во ризик. Новина во 2019 година е воведувањето уште една целна група во Модул 19, а тоа е ЛГБТИ-заедницата (покрај лицата кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки и лицата кои живеат со ХИВ). Обуката ја поминаа 50 лица, сите вработени во центрите за социјална работа во различни градови на државата (Струмица, Охрид, Дебар, Скопје, Битола, Гостивар, Тетово итн.). Целите на обуката се однесуваат на развивањето осетливост за проблемите и потребите на лицата кои живеат со ХИВ и ЛГБТИ-заедницата, развој на вештини и знаења за стручно работење со овие маргинализирани заедници, како и поттикнување поголема координација меѓу институциите кои постапуваат во улога на сервиси за поддршка и заштита на маргинализираните заедници.

Лекарската комора ја акредитираше програмата за обука на лекари за работа со лица од ХИВ и транс-заедницата. Обуката, согласно акредитацијата, носи 12,5 поени за лекарите предавачи и 9 поени за учесниците. Во партнерство со националната Асоцијација на приватните лекари на Македонија, одржани се две обуки со приватните матични лекари и со неколку специјалисти (гинеколози), вкупно 31, од повеќе градови од државата. Првата обука се однесуваше на здравствените потреби на транс-лицата, а втората на потребата за мултидисциплинарен пристап кон давањето здравствени услуги на лицата кои живеат со ХИВ. Целта на обуките беше развивање осетливост кај лекарите и нивна доедукација за различните аспекти на здравствените потреби на трансродовите лица, различните специјалистички услуги вклучени во процесот на медицинското потврдување на родот, здравствените права на трансродовите лица, но и доедукација во согласност со најновите медицински и научни сознанија поврзани со ХИВ инфекцијата, потребите на лицата кои живеат со ХИВ и најчестите прекршувања на нивните права во рамките на здравствениот систем. Дополнително, листата на лекари претставува референтна листа на лекари кои можат да понудат безбедна околина за транс-лицата и се споделува со лицата од транс-заедницата од различни градови.

Во периодот од април до декември 2019 година, *Коалицијата Маргини* во соработка со Активот на стручните служби, одржа две серии обуки за стручните соработници и за наставниците од средните училишта од Скопје, Куманово и од Велес на тема родово засновано насилство и булинг. Обучени се вкупно 28 стручни соработници и наставници од 11 средни училишта[48]. Обработените теми се од областа на родот и родовите норми и еднаквости/нееднаквости, нивното влијание врз менталното здравје и животот на младите, како и родово заснованото насилство и неговото присуство во училишната средина. Целта беше да се развијат вештини за препознавање на влијанието на хетеронормативниот систем врз развојот на младите и систем на заштита од родово засновано насилство во училиштата. По евалуацијата која ја спроведе Активот на стручните служби, обучениот кадар на стручни соработници и наставници покажа подобрени вештини за препознавање, превенција и заштита од родово засновано насилство. Обуки се засновани на прирачникот „Право на родово чувствително училиште/Превенција и рана интервенција на родово засновано насилство во училиштата - водич за наставници и за стручните служби во училиштата“, објавен од *Коалицијата Маргини* во 2018 година.

Во текот на 2019 година *Коалицијата Маргини* продолжи со обезбедувањето правна помош и документирањето на случаите на прекршување на човековите права на припадниците на маргинализираните заедници. Пред судовите се застапувани: две транс-жени во постапка против медиум; две транс-жени пред обвинителството, поради повреда на правата од страна на полицијата; шест транс-лица застапувани во различни фази на управна постапка и постапка пред Управниот и Вишиот управен суд; едно транс-лице застапувано пред ЕСЧП и четири корисници на дроги застапувани во две постапки пред ЕСЧП. Освен случајот „Г“, односно случајот на лицето Икс против Македонија, каде што пресудата е во корист на лицето Икс, кое го застапуваше *Коалицијата Маргини,* другите случаи сè уште се во тек.

Во 2019 година се документирани 174 случаи на повреди на правата на маргинализираните заедници. Во најголем дел од случаите жртви се геј мажи и трансродови жени, понатаму сексуални работници, луѓе кои употребуваат дроги и неколку случаи на повреди на правата на трансродовите мажи. Случаите се документираат од страна на самите жртви, параправниците и теренските работници од партнерските организации и членките на *Коалицијата Маргини*. Најголем дел од жртвите само ги документираат случаите, бараат правно советување или поврзување со друг вид услуги (психо-социјална поддршка,

---

[48] ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес; ССОУ „Димитрија Чуповски“ – Велес; СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ – Куманово; СОУ „Перо Наков“ – Куманово; СУГС „Браќа Миладиновци“ – Скопје; СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку“ – Скопје; ГУЦ „Здравко Цветковски“ – Скопје; СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ – Скопје; СУГС „Панче Арсовски“ – Скопје; ДСУ „Св. Наум Охридски“ – Скопје и СУГС „Владо Тасевски“ – Скопје.

здравствени услуги или услуги од областа на социјалната заштита). Клучен предизвик сѐ уште е недостигот на волја за пријавување на случајот во надлежните институции, особено кога станува збор за насилство што се случува во контекст поврзан со сексуалната работа или насилство поврзано со сексуалната ориентација.

Реализирани се две обуки за документирање на случаи со луѓе кои живеат со ХИВ и со ЛГБТИ-луѓе. Одржани се и две средби во Гостивар и во Струмица за правно советување за конкретни случаи на повреди на правата и запознавање на целните заедници со можноста за документирање на случаите, добивање правна помош и психо-социјално советување. Со средбите се опфатени 12 лица, а со обуките за документирање се опефатени 11 лица.

Во однос на говорот на омраза во медиумите и социјалните медиуми, регистрирано е зголемување на говорот на омраза кон ЛГБТИ-луѓето во периодот на одржување на „Парадата на гордоста“. Со цел да се тестираат механизмите за заштита, дел од коментарите со говор на омраза се пријавени во секторот за компјутерски криминал на МВР, но за ниту една пријава нема повратен одговор. Еден случај на говор на омраза кон ЛГБТИ-луѓето од страна на интернет-портал е пријавен и во Советот за етика во медиумите, при што жалбата е усвоена. До Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител и Комората на фармацевтите се пријавени три случаи на дискриминација кон ЛГБТИ-луѓе. Во сите случаи надлежните не утврдија дискриминација, а за еден случај сѐ уште нема одговор од Комисијата за заштита од дискриминација.

Во однос на повредата на правата од страна на полицијата, иницирани се четири постапки на повреда на правата во полициска постапка, дискриминаторски третман, малтретирање во вршењето на службата и вознемирување кон сексуални работници, луѓе кои употребуваат droги и ЛГБТИ. За еден случај нема одговор, во два случаја не е утврдена повреда, а во еден случај е иницирана дисциплинска постапка против полициски службеник.

Во еден случај на семејно насилство кон трансродово девојче е иницирана постапка пред Центарот за социјална работа, а потоа и жалба за постапувањето на социјалните работници. Како резултат на постапката, социјалните служби реализираа неколку советувања на семејството, а семејното насилство е прекинато.

Клучни предизвици се недостигот од капацитети на институциите за препознавање и заштита на правата на маргинализираните заедници, а во однос на полициското постапување, нефункционалноста на системот за контрола над полицијата, недостигот на политичка волја за казнување на полициските службеници и непреземањето одговорност за постапувањето.

Со поддршка од *Програма за јавно здравје при Фондациите Отворено општество* е доделен институционален грант на ***Здружението за поддршка на маргинализираните работници СТАР-СТАР*** (*СТАР-СТАР*). Покрај активностите за градење на капацитетите на сексуалните работници за самозастапување за подобрување на нивниот социо-економскиот и здравствениот статус, издавањето на месечните електронски изданија на магазинот „S-Work" и активностите на инфо-линијата за онлајн поддршка (во 2019 година), *СТАР-СТАР* беше особено активно во вклучувањето на заедницата во процесите за превенција од ХИВ. По спроведениот консултативен процес со заедницата на сексуалните работници, во однос на главните бариери за користење на ПрЕП-профилаксата[49] во три региони (*СТАР* – Централ Скопје, *СТАР* – Запад Гостивар и *СТАР* – Исток Струмица), *СТАР-СТАР* учествуваше во креирањето на Националниот протокол за ПрЕП и ПЕП-профилакса, кој е усвоен од страна на Министерство за здравство. Од особена важност и како потврда за успешноста во работата е меѓународната награда[50] од платформата *Предизвици за позитивна акција,* која ја доби *СТАР-СТАР* во 2019 година. Годинешниот Марш на сексуалните работници тематски беше посветен на родово базираното насилство врз сексуалните работници.

## МЕНУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ НАРАТИВИ КОН РОМИТЕ

Преку *Програма за јавно здравје при Фондациите Отворено општество,* ФООМ обезбеди поддршка на граѓанските организации за проекти преку кои се работи на менување на негативните наративи кон Ромите во јавните здравствени институции.

Тимот на ***Види Вака*** креираше петнаесет видеа, три графички вести и три видеоинтервјуа кои се прикажуваа на социјалните медиуми и достигнаа вкупно 18.524 прегледи. Освен тоа, студентите на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје учествуваа на јавна дебата и проекција на најпопуларните видеопродукти поврзани со наративите за Ромите во здравствените институции.

***Здружението Театар Рома – Скопје***, ја искористи силата на театарската форма како алатка за влијание врз наративите кон Ромите. Театарската претстава „Лавиринт"[51], која се одржа на 2 декември 2019 година во Националната опера и балет во Скопје, и на која присуствуваа околу 450 лица, испрати јасни пораки за потребата од менување на перцепциите и комуникацијата на здравствените работници, како и подигнување на свесноста за потребата од овозможување

---

[49] Превентивно користење на лекови пред изложување на однесување на ризик од ХИВ инфекција
[50] https://bit.ly/3atQD3G

[51] Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=LBaZCXhwY20

еднаков третман при остварувањето на здравствените услуги без предрасуди и дискриминација.

Со цел да се унапредат културолошките и структурни компетенции на здравствените работници, тим на универзитетски професори[52], во соработка со ***Здружението на интернисти,*** продолжи со активностите од претходната година. Во рамките на континуираната едукација на лекарите беа реализирани четири акредитирани работилници за 100 здравствени работници во Штип, Велес, Струмица и во Прилеп. Освен тоа, во Берово беше одржана и летна школа за 25 студенти, идни здравствени работници.

Во рамките на наставните студиски програми за студентите по општа медицина и другите тригодишни медицински стручни студии, како и на постдипломските и докторските студии по јавно здравје, продолжија предавањата од акредитираниот изборен предмет *Културолошки и структурни компетенции за здравствените работници*.

[52] проф. д-р Елена Ќосевска, проф. д-р Весна Велиќ Стефановска и проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил

# ЛИСТА НА ПОДДРЖАНИ ПРОЕКТИ И ГРАНТИСТИ ВО 2019 ГОДИНА

| Учество на граѓанското општество во процесот на пристапување во ЕУ | | |
|---|---|---|
| **ГРАНТИСТ** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС НА ГРАНТОТ ВО УСД** |
| ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии, Скопје | Граѓаните за европски реформи | $60.000,00 |
| Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", Скопје | За правда - Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2019-2020 | $44.940,00 |
| Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ, Скопје | ЗСД под лупа: Следење на спроведувањето на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација | $45.000,00 |
| Институт за демократија „Социетас Цивилис", Скопје | Набљудување на успешноста на работата на Државната комисија за спречување на корупција | $38.389,00 |
| Финанце Тхинк - Институт за економско истражување и политики, Скопје | Родова еднаквост на работното место: Мониторинг на локално ниво | $6.915,00 |
| Контрапункт, Скопје | ЕУ РЕКА | $6.970,00 |
| Хелсиншки комитет за човекови права, Скопје | Влијанието на Поглавјето 23 врз процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија | $6.948,00 |
| Здружение на граѓани на текстилните, кожарските и чевларските работници „Гласен текстилец", Штип | Пристапот до правда во Источниот регион | $6.803,00 |
| Здружение за едукација на земјоделците „Зелена берза", Битола | Од рурална жена до успешен претприемач, без стереотипи и дискриминација | $7.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| Рурална коалиција, Куманово | Фундаменталните човекови права и родовата еднаквост - предизвик за практикување во руралните средини | $7.000,00 |
| Здружение за локална демократија Центар на заедницата на општина Струга, Струга | Анализа на јавната перцепција за процесот на пристапување во ЕУ - со фокус на Поглавје 23 | $6.969,00 |
| Ромски деловен информативен центар во Македонија, Скопје | Почитување на правата на затворениците од етничките заедници низ призмата на ромската заедница | $6.994,00 |
| Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", Скопје | Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса | $7.000,00 |
| Здружение на граѓани Медиа плус, Штип | И локалната информираност е тест за ЕУ | $6.920,00 |
| Здружение за истражување, анализи и развој „Зелена лупа", Скопје | Ресоцијализација и реинтеграција во општеството преку пробацијата | $6.690,00 |
| Здружение за еднакви права и можности „Жените во економијата", Штип | Биди храбра, проговори гласно! | $6.811,31 |
| Здружение за рурален развој Локална акциона група Агро Лидер, Кривогаштани | ЕУ Скептицизам наспроти ЕУ Оптимизам во руралните средини | $6.840,00 |
| Мултикултура, Тетово | Младите се промената за пристапување во Европската Унија | $6.819,00 |
| Центар за правни истражувања и анализи, Скопје | Административна правда по европски стандарди | $6.990,00 |
| Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", Скопје | Системски мониторинг на кривични судски постапки | $30.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **$321.998,31** |

| Граѓанска алијанса за транспарентност: Набљудување на процесот на реформа на јавната администрација од страна на граѓанските организации | | |
|---|---|---|
| **ГРАНТИСТ** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС НА ГРАНТОТ ВО УСД** |
| Финанце Тхинк - Институт за економско истражување и политики, Скопје | 360 Мониторинг на обезбедувањето социјални услуги на локално ниво: Искуства од општините Прилеп и Долнени | $10.719,33 |
| | **ВКУПНО:** | **$10.719,33** |

| До заробената држава – преку судството, јавното обвинителство и полицијата | | |
|---|---|---|
| **ГРАНТИСТ** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС НА ГРАНТОТ ВО УСД** |
| Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", Скопје | До „заробена држава" во Северна Македонија - судство, обвинителство, полиција | $9.700,00 |
| Хелсиншки комитет за човекови права, Скопје | До „заробена држава" во Северна Македонија - судство, обвинителство, полиција | $10.500,00 |
| Институт за човекови права, Скопје | До „заробена држава" во Северна Македонија - судство, обвинителство, полиција | $6.000,00 |
| ЗГ Балканска истражувачка репортерска мрежа Скопје, Скопје | До „заробена држава" во Северна Македонија - судство, обвинителство, полиција | $40.290,00 |
| | **ВКУПНО:** | **$66.490,00** |

| Партнерства во заедниците за унапредување на локалната демократија | | |
|---|---|---|
| **ГРАНТИСТ** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС НА ГРАНТОТ ВО УСД** |
| Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА, Битола | Разбудете ја ЕКО-СВЕСТА во СЕБЕ | $5.840,00 |

| | | |
|---|---|---|
| Здружение на граѓани Медиа плус, Штип | Реагирај на вистинско место | $5.685,00 |
| Здружение на правници Легал Тинк, Штип | Вклученост на младите во планирање на јавните набавки | $5.594,00 |
| Женски форум, Тетово | Социјалната заштита на граѓаните во Општина Тетово | $6.164,00 |
| Сојуз на здруженија за рурален развој Мрежа на ЛАГови, Кривогаштани | Заедно за заштита на животната средина | $5.000,00 |
| Национален ромски центар, Куманово | Унапредување на учеството на Ромите во локалните политики за урбанистичко планирање | $5.950,00 |
| Движење за одржлив социоекономски развој Глобал, Битола | Граѓаните следат, креираат и одлучуваат за своите пари | $5.750,00 |
| Мултикултура, Тетово | Како се трошат парите од јавните набавки на средношколците | $6.110,00 |
| Фондација за развој на локалната заедница, Штип | (РЕ)ВИЗИЈА за локално финансирање на граѓански организации | $5.400,00 |
| Женска граѓанска иницијатива „Клеа", Битола | Активни жени во општина Битола | $5.507,00 |
| Денис Ампев | Кре/акција за развој на демократијата | $24.978,00 |
| Мирослав Стојковски | Креативна Битола | $25.000,00 |
| Егзона Абди | Тивка револуција | $24.770,00 |
| Установа Центар за современи уметности, Скопје | Институционална поддршка за три години | $150.000,00 |
| Контрапункт, Скопје | Фестивал за критичка култура - КРИК | $3.400,00 |
| Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ, Тетово | Акција за донирање на средства за настраданите Ромски семејства во Албанија | $1.100,00 |
| | **ВКУПНО:** | **$286.248,00** |

| Регионални креативни јадра: искористување на моќта на уметноста и културата за охрабрување граѓанска акција против корупција | | |
|---|---|---|
| **ГРАНТИСТ** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС НА ГРАНТОТ ВО УСД** |
| Зорица Зафировска | Кислород! | $1.000,00 |
| Игор К. Илиевски | Протреси го судијата | $1.000,00 |
| Дарко Талески | Парада на корупцијата | $1.000,00 |
| Јелмаз Дервиши | Антикорупциски отворен ден | $1.000,00 |
| Драгана Гунин Стојчевска | Кажи НЕ на корупцијата на факултетите | $900,00 |
| | **ВКУПНО:** | **$4.900,00** |

| Образование на помалите етнички заедници | | |
|---|---|---|
| **ГРАНТИСТ** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС НА ГРАНТОТ ВО УСД** |
| Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор", Скопје | Стратешко партнерство со ФООМ во спроведување на концептот Образование на помалите етнички заедници | $51.000,00 |
| Ромски деловен информативен центар во Македонија, Скопје | Педагошки помошник на ученици во основно образование | $2.200,00 |
| Метаморфозис, Скопје | Отворени образовни ресурси | $20.000,00 |
| Ромски деловен информативен центар во Македонија, Скопје | Педагошки помошник на учениците во основно образование | $11.990,00 |
| Здружение на директори „Училишни лидери", Скопје | Зајакнување на мрежата на училишни директори во Северна Македонија | $15.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| ПОУ „Дитуриа", с. Љубин, Сарај | Дидактички материјали и нагледни средства за поквалитетна настава | $5.000,00 |
| ООУ „Гоце Делчев", с. Василево, Василево | Дидактички материјали и нагледни средства за поквалитетна настава | $4.000,00 |
| ОУ „Браќа Рамиз и Хамид", Шуто Оризари, Скопје | Дидактички материјали и нагледни средства за поквалитетна настава | $5.000,00 |
| ООУ „Св. Кирил и Методиј", с. Кучевиште, Чучер Сандево | Дидактички материјали и нагледни средства за поквалитетна настава | $4.000,00 |
| ООУ „Мустафа Кемал Ататурк", Долно Количани, Студеничани | Дидактички материјали и нагледни средства за поквалитетна настава | $4.000,00 |
| ООУ „Неџати Зекирија", с. Коџаџик, Центар Жупа | Дидактички материјали и нагледни средства за поквалитетна настава | $4.000,00 |
| ООУ „Страшо Пинџур", с. Јосифово, Валандово | Дидактички материјали и наставни средства за поквалитетна настава | $4.000,00 |
| ООУ „Светозар Марковиќ", с. Старо Нагоричане, Старо Нагоричане | Дидактички материјали и нагледни средства за поквалитетна настава | $3.000,00 |
| ООУ „Рајко Жинзифов", с. Горно Оризари, Велес | Дидактички материјали и нагледни средства за поквалитетна настава | $3.000,00 |
| ООУ „Браќа Рибар", с. Табановце, Куманово | Дидактички материјали и нагледни средства за поквалитетна настава | $4.000,00 |
| Здружение за истражувања и анализи ЗМАИ, Скопје | Методологија за прераспределба на општинските средства до основните училишта | $25.000,00 |
| Здружение за заштита на правата на детето, Скопје | Социјална и образовна поддршка на децата на улица | $15.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **$180.190,00** |

## Мрежна стратегија за правно зајакнување

| **ГРАНТИСТ** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС НА ГРАНТОТ ВО УСД** |
|---|---|---|
| Романо Чачипе, Скопје | Социјална отчетност и правно зајакнување на ромската заедница | $37.908,00 |

| | | |
|---|---|---|
| ИРИЗ - Иницијатива за развој и инклузија на заедниците, Скопје | Социјална отчетност и правно зајакнување на ромската заедница | $12.000,00 |
| НВО КХАМ, Делчево | Социјална отчетност и правно зајакнување на ромската заедница | $8.000,00 |
| Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, Скопје | Институционална поддршка за ЕСЕ | $50.000,00 |
| Асоцијација за демократски развој на Ромите „СОНЦЕ", Тетово | Параправна помош за Ромската заедница во западниот дел на РСМ | $78.560,00 |
| Хелсиншки комитет за човекови права, Скопје | Правно зајакнување на текстилните работнички за самозастапување | $40.000,00 |
| ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Скопје | Унапредување на репродуктивните права на Ромките во Шуто Оризари | $145.790,00 |
| Здружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т., Прилеп | Центар за пристап до правда | $42.450,00 |
| Здружение на просветни работници за заштита на правата на жените и децата - ЛИЛ, Скопје | Мониторинг и документирање на прекршувањето на правата на пациентите Роми | $46.500,00 |
| Фондација ЦЕЕД Македонија, Скопје | Социјално претприемништво како можност за самоодржливост на организациите | $46.330,00 |
| Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ, Скопје | Преточување на Цел 16.3 од глобални цели на ООН за одржлив развој на национално ниво | $55.690,00 |
| Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, Скопје | Стандардизирање и одржливост на различните видови на бесплатна правна помош | $39.573,00 |
| Избор, Струмица | Пристап до правда во Македонија | $14.400,00 |
| Младински културен центар, Битола | Пристап до правда во Македонија | $18.070,00 |
| Хелсиншки комитет за човекови права, Скопје | Пристап до правда во Македонија | $20.700,00 |
| Национален ромски центар, Куманово | Пристап до правда во Македонија | $20.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| ЕХО - Едукативно-хуманитарна организација, Штип | Пристап до правда во Македонија | $15.146,00 |
| Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, Скопје | Подобрување на пристапот до правда и обезбедување различни видови на бесплатна правна помош за сиромашни и ранливи групи | $30.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **$721.117,00** |

## Студентски права и ангажираност

| **ГРАНТИСТ** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС НА ГРАНТОТ ВО УСД** |
|---|---|---|
| Здружение на граѓани „Младински образовен форум", Скопје | Ангажирање на младите за студентски и младински политики | $100.000,00 |
| Медиа плус Фокус ДООЕЛ, Скопје | Практична обука за млади новинари | $8.000,00 |
| Независен академски синдикат - НАкС, Скопје | Финансиска транспарентност и отчетност во високото образование и науката во РСМ | $27.535,00 |
| Здружение Лидери за едукација, активизам и развој, Скопје | Спречување на одлив на мозоци | $14.951,00 |
| Национален младински совет на Македонија, Скопје | Студентско (ре)формирање | $14.982,00 |
| Здружение на граѓани „Младински образовен форум", Скопје | Ангажирани студенти за студентски домови без корупција во Република Северна Македонија | $50.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **$215.468,00** |

## Здравствени политики засновани на права

| **ГРАНТИСТ** | **НАМЕНА** | **ИЗНОС НА ГРАНТОТ ВО УСД** |
|---|---|---|
| Здружение на граѓани Театар Рома, Скопје | Менување на наративите за Ромите во здравствените институции | $21.140,00 |

| | | |
|---|---|---|
| Фондација ИДЕА Југоисточна Европа, Скопје | Менување на наративите за пациентите Роми во здравствените институции - Приказни на Сунаи | $72.000,00 |
| НВО КХАМ Делчево, Делчево | Обезбедување техничка поддршка и менторство на домашни и странски ромски граѓански организации за користење на методологиите на социјална отчетност и правно зајакнување | $15.000,00 |
| Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, Скопје | Обезбедување техничка поддршка и менторство на домашни и странски ромски граѓански организации за користење на методологиите на социјална отчетност и правно зајакнување | $43.000,00 |
| Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ, Скопје | Унапредување на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници | $141.395,00 |
| ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, Скопје | Унапредување на здравјето на луѓето кои употребуваат дроги преку обезбедување на континуирано финансирање на програмите за намалување на штети од националниот буџет | $60.000,00 |
| ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, Скопје | Институционална поддршка за ХОПС | $182.500,00 |
| Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР, Скопје | Јакнење на организациските капацитети на СТАР-СТАР | $35.000,00 |
| Центар за граѓански комуникации, Скопје | Намалување на корупцијата во образованието и здравството на локално ниво | $15.500,00 |
| Здружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т., Прилеп | Намалување на корупцијата во образованието и здравството на локално ниво | $10.000,00 |
| Здружение за локална демократија Центар на заедницата на општина Струга, Струга | Намалување на корупцијата во образованието и здравството на локално ниво | $10.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **$605.535,00** |

**ВКУПНО ЗА ГРАНТОВИ ВО 2019 ГОДИНА: $2.412.665,64**

**Фондација Отворено општество - Македонија**
Бул. Јане Сандански 111,
п. фах 378, 1000 Скопје
Тел.: +389 2 2444 488
е-адреса: fosm@fosm.mk

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА